Е КОНСАЛТИНГ ДОО
Ул. "Лазар Андонов" - бр.1-1 2 300 Кочани
Тел:(033) 276-008, моб: (072) 273-242
e-mail: e-konsalting@t-home.mk

Поврзано со архивски бр. 18/23-276

ИНТЕГРИРАНО СПРЕЧУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО

ОБРАЗЕЦ ЗА БАРАЊЕ ЗА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

ЗА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ГОТОВА БЕТОНСКА МАСА (СТАЦИОНАРНА БЕТОНСКА БАЗА) И ПРОИЗВОДСТВО НА БЛОКОВИ, ИВИЧЊАЦИ И ДР.
ИНВЕСТИТОР: ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Инсталација: За производство на готова бетонска маса и производство на блокови ивичњаци и др.
Локалитет: КП.бр.213, м.в. Солена Вода КО Чардаклија, општина Штип
Инвеститор: ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП

Ноември, 2025 година.

I ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Име на компанијата[1]	**ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**
Правен статус	ДООЕЛ
Сопственост на Компанијата	Приватна
Сопственост на земјиштето	Приватно
Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата)	**КП.бр.213 КО Чардаклија, општина Штип**
Број на Вработени	20 лица од кои 6 лица работат на локацијата
Овластен преставник	Тони Лазаров
Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето [2]	Прилог 2 точка, 3.3 Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50 m^3; доколку не се опфатени со прилог 1 од Уредбата
Проектиран Капацитет	Бетонски бази 24 м3/час, со вкупен капацитет на силисите поголем од 50 $м^3$

I.1 Вид на Барањето[3]

Обележете го соодветниот дел

Нова инсталација	
Постоечка инсталација	W
Значителна измена на постоечка инсталација	
Престанок со работа	

[1]Како што е регисгрирана во Централен регисгар на РМ. важечка на денот на апликацијата

[2]Да се внесат шифрите на активностите на инсталацијата согласно Прилог I од Уредбата за опредслување на активностите на инсгалациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување
со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (Службен весник на РМ. бр. 89/05). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ. треба да се означи шифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно одделени една од друга.

[3] Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажба на инсталацијата

I.2 Орган надлежен за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола

Име на единицата на локална самоуправа	Општина Штип
Адреса	Васил Главинов бр.4Б, Штип
Телефон	+389 32 22 66 00

Содржина:

Глава I (Општи информации)...... 7

I.1 Копија од тековна состојба..... 8

I.2. Договор за вода..... 11

I.3 Договор за одржување на машини.....15

I.4 Катастарска скица на локација.....16

I.5 Имотен лист 17

I.6 Комуникациска мапа на локацијата.....19

I.7 Макро и микри локација на инсталацијата.....19

I.8 Локацијата на инсталацијата за сепарирање на материјалот.....20

I.9 Ситуација на локацијата – производен дел (слики).....21

Глава II (Опис на технички активности).....35

II. Опис на технички активности 36

II.1. Обем..... 36

II.1.1 Историски развој..... 36

II.2. Опис на локацијата на инсталацијата 37

II.2.1 Микролокација..... 37

II.3 Приказ на климатско-метеоролошки услови во општина Штип 38

II.4 Опис на инсталацијата и опремата 47

II.2.1 Опис на придружните објекти 53

II.3 Опис на технолошкиот процес 54

Глава III (Управување и контрола).....75

III.1 Управување и контрола..... 76

III.1.1 Управител 76

II.1.2 Раководител на производство 77

III.1.3 Спроведување на мерките за намалување на емисии 77

III.2 Организациона шема 78

Глава IV (Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата).....79

IV.1 Опис на суровини 82

IV.2 Помошни материјали 82

IV.2.1 Набавка на Материјалите..... 82

IV.2.2 Одржување на механизација 82
IV.2.3 Средства за хигиена и заштита при работа 83
IV.3 Енергенси 83
IV.3.1 Дизел гориво 83
IV.3.2 Електрична енергија 83
IV.4 Вода.....83
IV.5 Производи 84
IV.6 Складирање на суровини, меѓупроизводи и производи..... 85
IV.7 Транспортни системи во постројка..... 85
IV.8 Прилози 86
IV.8.1 Карактеристики на суровините..... 86
IV.8.1.1. Дизел екстра лесно гориво.....86
IV.8.1.2 Glicerol – maziva.....87
IV. 8.1.3 Cement 90
Глава V (Цврст и течен отпад).....93
V Цврст и течен отпад 94
V.1 Карактеристики на цврст и течен отпад 95
V.1.1 Отпад од технолошкиот процес 95
V.1.2 Отпад од одржување на опремата и постројките 95
V.2 Постапување со отпад, ракување и складирање на цврст отпад 95
V.3 Собирање и транспортирање на отпадот.....95
Глава VI (Емисии во атмосферата).....96
VI Емисии во атмосферата.....97
VI.1 Вовед.....97
VI.2 Точкасти извори на емисија во атмосферата 98
VI.3 Фугитивни извори на емисија 98
Глава VII (Емисии во површински води и канализација).....100
Емисии во површински води и канализација.....101
VII.1 Вовед 103
VII.2 Технолошка вода.....103
VII.3.Санитарна и Фекална вода.....103

Глава VIII (Емисии вопочва).....104

VIII Емисии во почва 104

Глава IX (Земјоделски и фармерски активности).....105

IX. Земјоделски и фармерски активности 105

Глава X (Бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење).....106

X Бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење.....107

X.1 Вовед 108

X.2 Избор на мерни места 108

X.3 Прилози 108

X.3.1 Места за мониторинг на емисии и земање на примероци 109

Глава XI (Точки на мониторинг на емисии и земање на примероци).....110

XI Точки на мониторинг на емисии и земање на примероци.....111

XI.1 Вовед 111

XI.2 Идентификување на аспекти на мониторинг 112

XI.2.1 Причина на мониторингот 112

XI.2.2 Одговорност за мониторингот 113

XI.2.3 Принцип на практичен мониторинг 113

XI.2.4 Аспекти на мониторингот при поставување на граници..... 113

XI.2.5 Период на мониторинг 114

XI.2.6 Оценка на усогласувањето 114

XI.2.7 Известување 114

XI.3. Програма на мониторинг 115

XI.3.1 Точките и параметрите на мониторинг 115

XI.3.2 Фрекфенцијата на мониторингот 115

XI.3.3 Методи на земање на примероци и анализи 115

XI.4 Предлог за мониторинг на емисии.....116

XI.4.1 Мапа на локацијата со означени точки на мониторинг.....117

Глава XII (Програма за подобрување).....118

Програма за подобрување.....118

XII.1 Обем 119

XII.2 Вовед 119

XII.3 Мониторинг на емисии на ПМ 10 Прашина.....122

XII.4 Мониторинг и начин на известување.....122

XII.5 Вредности на емисиите за време на реализација

на одделни фази на планот.....122

Глава XIII (Спречување хаварии и реагирање во итни случаеви).....124

XIII Спречување хаварии и реагирање во итни случаеви.....124

XIII.1 Вовед.....124

XIII.2 Заклучок.....125

XIII.3 Упатство за подготвеност при вонредни состојби 125

XIII.4 Прилози 128

XIII.4.1 Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации..... 128

XIII.4.1 Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации..... 128

XIII.4.2 План за реагирање при инцидентни случаеви..... 129

Глава XIV (Ремедијација, престанок со работа,

повторно започнувањесо работа).....132

XIV Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа..... 133

Глава г XV (Резиме без технички детали).....135

XV.1 Резиме без технички детали 136

XVI. Изјава.....142

XVII. Прилози.....143

Глава I

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

I.1 Решение од централен регистар (тековна состојба)

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150720250000453

Датум и време: 7.2.2025 г. 11:15

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5756464
Целосен назив:	Друштво за производство и трговија БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Штип Company for production and trade BAU INGENERING LTD Stip
Кратко име:	БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Штип
Седиште:	БРЕГАЛНИЧКА бр.5 ШТИП, ШТИП
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	12.3.2003 г.
Деловен статус:	Активен
*Вид на сопственост:	Приватна
ЕДБ:	4029003125575
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	183.200,00
Уплатен дел MKD:	183.200,00
Вкупно основна главнина MKD:	183.200,00

СОПСТВЕНИЦИ	
ЕМБГ/ЕМБС:	1902964490020
Име и презиме/Назив:	ТОНИ ЛАЗАРОВ
Адреса:	БРЕГАЛНИЧКА бр.5 ШТИП, ШТИП
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	0,00

Непаричен влог MKD:	183.200,00
Уплатен дел MKD:	183.200,00
Вкупен влог MKD:	183.200,00
Вид на одговорност:	Не одговара
E-mail:	bauinzinering@yahoo.com

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	41.20 - Изградба на станбени и нестанбени згради
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

ЕМБГ:	1902964490020
Име и презиме:	ТОНИ ЛАЗАРОВ
Адреса:	БРЕГАЛНИЧКА бр.5 ШТИП, ШТИП
Овластувања:	Управител , дипломиран градежен инженер
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител
E-mail:	bauinzinering@yahoo.com

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	bauinzinering@yahoo.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:
Светлана Торова

Овластено лице:
Виолета Илиоска

1.2. Договор за вода

Друштво за производство и трговија
Бау инженеринг дооел
Бр. 0307 - 22/1
02.03 2021
Штип

ЈП Исар Штип
Бр. 03-266/1
02.03.2021 год.

ДОГОВОР

за снабдување со вода за пиење,одведување на урбани отпадни води и собирање,транспорт и депонирање на комунален отпад со ГАРАНЦИЈА(солидарна)

Склучен помеѓу :

1. **ЈП "Исар" Штип,** со седиште на адреса Г.М.Апостолски бр.37 со ЕДБ 4029997112434, ЕМБС 5151929,: ж-ро с-ка 30080000013030 Комерцијална Банка АД Скопје, застапувано од директор **Живко Тасев** , во натамошниот текст како **Давател на комунални услуги** од една страна
2. Бауинженеринг дооел Штип со седиште на ул. Брегалничка 5 Штип , ЕМБС 5756464 ЕДБ 4029003125575 застапувано од управител Тони Лазаров во натамошниот текст како **Корисник на комунални услуги** од друга страна и
3. _____ ЕМБГ _____ во натамошниот текст како **солидарен гарант - платец**

Член 1

Предмет на овој договор е вршење на комуналните услуги : снабдување со вода за пиење,одведување на урбани отпадни води и собирање,транспорт и депонирање на комунален отпад .

Член 2

Давателот на услугата се обврзува , да му обезбеди на корисникот на услугата трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна вода за пиење од водоснабдителниот систем со притисок на мрежата согласно техничките можности на комуналната услуга , одведување на отпадните води преку изградениот канализационен систем и собирање , транспорт и депонирање на комунален отпад создаден од корисникот на услуга согласно програмата за работа кај давателот усвоена од Советот на Општина Штип .

Член 3

Месечната цена за вршењето на комуналните услуги кои се предмет на овој договор се одобрени од Управен одбор на давателот на услугата со Одлука под бр. 02-34 од 04.01.2021 год., Одлука под бр. 02-35 од 04.01.2021 и Одлука под бр.0202-383 од 27.03.2007 год. одобрени од Совет на Општина Штип .

Доколку во иднина дојде до промена на висината на цените ,корисникот на услугата се согласува да му се фактурира по нова цена.

Договорните страни се согласни количината на потрошената вода да се мери во мерните

единици $м^3$, количината на отпадни води во мерна единица $м^3$ -врз основа на потрошена вода и собирањето,транспортот и депонирањето на комуналниот одпад во мерна единица $м^2$ работни и дворни површини од објектот на корисникот на услугите. Собирањето , транспотрирањето и депонирањето на комуналниот одпад ќе се врши согласно програмата за работа на јавното претпријатие одобрена од Советот на Општина Штип.

Член 4

Давателот на услугата ќе достави фактура за извршената услуга на корисникот на услугата по истекот на месецот за кој се однесува фактурата во која ќе биде и пресметан надоместок за одржување на јавно зеленило на подрачјето на Општина Штип и надоместок за јавна чистота на подрачјето на Општина Штип согласно Одлуките под бр.0701-3243/1 од 18.06.2010 год. и 0701-2808/1 од 14.11.20008 год. донесени од Советот на Општина Штип кои давачки преставуваат законска обврска на сите корисници на комуналните услуги на подрачјето на Општина Штип .
Корисникот на услугата ја плаќа фактурата во рокот утврден на самата фактура.
За секое задоцнето плаќање давателот на услугата ќе пресметува законска казнена камата согласно ЗОО.

Член 5

Со потпишување на овој договор гарантот –платец се обврзува солидарно да одговара со целокупниот свој имот заедно со корисникот на услугата за секоја месечна фактура изготвена врз основа на овој договор и истиот солидарнода ги подмири - плати фактурите. Гарантот –платец одговара спрема давателот на услугата солидарно со корисникот на услугата за сите обврски кои произлегуваат од овој договор од плаќање на заостанатите месечни фактури , каматата за задоцнето плакање , такси и др.трошоци доколку дојде до евентуално поведување на постапка пред надлежен нотар или суд .
Намалувањето на обврската на корисникот на услугата во стечај или во постапка за присилно порамнување не повлекува со себе и соодветно намалување на обврската на гарантот .

Член 6

Корисникот на услугата е должен да овозможи на давателот на услугата ,пристап во имотот кој е во сопственост на корисникот заради редовно месечно читање на водомерниот инструмент (водомер)од страна на овластениот работник,одржување на водоводниот приклучок и контрола на исправноста на водоводната мрежа до првиот вентил пред водомернито инструмент –водомер.

Член 7

Давателот на услугата се обврзува да го чита водомерот месечно.

Доколку корисникот на услугата не е присутен во моментот на читањето на водомерот , должен е во рок од 3 (три) дена до овластениот работник од давателот на услугата да ја достави состојбата на водомерот и истата да биде запишана во контролниот картон од страна на овластениот работник.

Доколку корисникот на услугата по добивањето на месечната фактура не се согласува со евидентираната количина на потрошена вода наведена во фактурата , должен е до денот на доспеаност за плаќање , да се јави кај давателот на услугата истата да се исконтролира и доколку се утврди дека не е правилно утврдена фактичката состојба , истата од страна на давателот ќе биде искорегирана и ќе му биде издадена нова фактура.

Доколку корисникот на услугата во утврдениот рок од став 3 од овој член не стави забелешка на фактурираната количина на поторшена вода , се смета дека е согласен со фактурираната количина на потрошена вода.

Член 8

Корисникот на услугите е должен и се согласува на обврската да ја одржува внатрешната водоводна инсталација до првиот вентил пред водомерниот инструмент-водомер , водомерната шахта или местото каде е поставен водомерот , истиот да биде постојано во исправна состојба и истиот да го заштити од механички , атмосферски , климатски и др.оштетувања , како и индивидуалната канализациона инсталација до приклучокот на уличната канализациона мрежа.

Корисникот на услугата е должен и се согласува на обврската веднаш да го извести давателот на услугата за дефектот или предизвиканата штета од мерните инструменти

Доколку поради разни причини водомерот на може да се прочита и да се утврди реалната потрошена количина на вода , месечната пресметка и наплата до моментот на поставување на исправен водомер ќе се врши паушално врз основа на годишна просечна потрошувачка на вода пред констатирањето на неисправноста на водомерот.

Дефектите , поправките ,поставувањето или промената на водомерниот инструмент – водомер , внатрешната водоводна инсталација до првиот вентил пред водомерниот инструмент-водомер и индивидуалната канализациона инсталација до приклучокот на уличната канализациона мрежа е на товар на корисникот на услугите.

Член 9

Договорните страни се согласни и се обврзуваат корисникот на услугата да биде приклучен на водоснабдителната и канализационата мрежа исклучиво од страна на давателот на услугата,врз основа на претходно Барање и издадено техничко решение за приклучување во кое точно се наведени хидротехничките услови и локацијата за приклучување.

Доколку давателот на услугата врши замена на постоечките водомерни инструменти – водомер со нови , корисникот на услугата се согласува да биде направена промена и на

неговиот водомерен инструмент – водомер.

Член 10

Давателот на услугата има право да го прекине снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води , во случај кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја исполни обврската за плаќање на надоместокот односно има заостанато најмалку 3 (три) месечни фактури.

Давателот на услугата има право да го прекине снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води без претходна писмена опомена во случај ако правното лице без правно се поврзе на водоводниот или канализационен приклучок и во случај на недостиг на вода .

Трошоците за прекинувањето и повторното приклучување од став 1 и 2 од овој член паѓаат на товар на корисникот на услугата.

Член 10

Договорните страни овој договор го склучуваат на неопределено време .

Во случај на раскинување на договорот од страна на корисникот на услугата , корисникот на услугата е должен да поднесе барање за прекинување на комуналните услуги предмет на овој договор и одјавување како корисник кај давателот на услугата во спротивно сите фактури кои ќе гласат на негово име е должен да ги подмири .

Член 11

Се што не е регулирано со одредбите на овој договор ,ќе се применуваат општите одредби од ЗОО , Законот за комунални дејности, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за управување со отпад и други применливи прописи.

Член 12

Сите спорови што ке произлезат од овој договор или се поврзани со него , договорните страни треба да направат напор спогодбено да ги решат, но ако тоа не е можно надлежен за решавање на сите спорови е Основен суд Штип.

Член 13

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна ..

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

Давател на услуга
ЈП" ИСАР" Штип
директор
Живко Тасев

гарант платец

Корисник на услуга

управител

1.3. Договор за одржување на машини

Трговец пог... АВТОСЕРВИС ... Пупче Михајло
Бр 0302/23
22-10-2023 од
Штип

ДОГОВОР
ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

Договорни страни:

1.БАУИНЖЕНЕРИНГ дооел Штип со седиште на ул.Брегалничка бр.5 , ЕМБС 5756464 и ЕДБ 4029003125575 преку управителот од една страна како нарачател на услугата (во понатамошниот текст **нарачател**) и

2. ТП АВТО СЕРВИС ФУРКА Штип со седиште на ул,Железничка бр.18 , ЕМБС 6289363 и ЕДБ 5029007500242 преку управителот од друга страна како извршител на услугата (во понатамошниот текст **извршител**)

Предмет на Договорот

Член 1

Предмет на овој договор е давање на услуги од страна на ТП АВТО СЕРВИС ФУРКА како извршител на услугите , за потребите на БАУИНЖЕНЕРИНГ дооел Штип како нарачател на услугите а кои се однесуваат за одржување на возилата на БАУИНЖЕНЕРИНГ дооел Штип .

Цена на услугата

Член 2

Страните се согласни извршените услуги од страна на извршителот на услугата да бидат со надомест согласно важечките пазарни цени .

Права и обврски на договорените страни

Член 3

Извршителот на услугата е должен и се обврзува спрема нарачателот на услугата да ги одржува,сервисира сите возила на нарачателот,да менува уље и да ги врши сите останати работи потребни за целосно одржување на возилата. Нарачателот на услугата е должен на извршителот на услугата да му овозможи непречено извршување на своите обврски на возилата

Член 4

За се она што не е регулирано со овој Договор , важат и ке се применуваат одредбите од **Законот за облигациони односи.**

Член 5

За евентуален спор по овој Договор , надлежен е Основен суд – Штип.

Член 6

Договорот е составен во 3(три) еднообразни примероци , од кои по 1(еден) на договорените страни ,а другиот примерок за службени потреби.

Член 7

Договорот важи и произведува правно дејство веднаш по потпишувањето на истиот од страна на двете договорени страни а истиот е склучен на неопределено време сметано од денот на негово склучување.

Дата:17.10.2023 година

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

„БАУИНЖЕНЕРИНГ" дооел Штип" „ТП АВТО СЕРВИС ФУРКА"

I.4. Катастарска скица на локацијата

КП.бр.213 КО Чардаклија, Штип

I.5. Имотен лист

Одделение за катастар на недвижности Штип

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-12568/2023 од 26.10.2023 08:38:40

1105-12568/2023

ИМОТЕН ЛИСТ број: 10447 ИЗВОД
Катастарска општина: ЧАРДАКЛИЈА

ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ред. бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на прод. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	***	ДПТ БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ	БРЕГАЛНИЧКА ББ, ШТИП	1/1		18 / 10	07.12.2010

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска култура		Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од старото во нов систем	Бр. на евид. лист	Бр. на прод. по кој е извршено запишувањето	Датум и час на запишувањето
основен	дел		гз	класа						
213		СОЛЕНА ВОДА	гн3		8350	СОПСТВЕНОСТ			1121-2459/2014	09.07.2014 15:05:49

Г.Промени на други стварни права и други права чие запишување е утврдено со закон, прибележување на факти од влијание за недвижностите и предбележување

Г.9. Промени во прибележувања

Г9.ж.Прибележување на факт дека на одредена КП бр. во тек е изведување на градба:

Име и презиме/назив на кого е издадено одобрението за градење						ЕМБГ / ЕМБС		Адреса / Седиште		Дел на правото на градење	
ДПТ, БАУ ИНЖЕНЕРИНГ, ДООЕЛ						0000000000000		ШТИП, БРЕГАЛНИЧКА ББ		1/1	
Број на катастарска парцела на која е во тек изведување на градбата		Викано место/улица	Катастарска култура		Површина во м2	Број на листот за предбележување на градба	Број и датум на издавање на одобрението за градење	Број за заверен основен проект		Број на предметот по кој е извршено прибележувањето	Датум и час на запишување
основен	дел		гз	гн3	Класа						
213	0	СОЛЕНА ВОДА	гз	гн3		8350	50462	17/12-30 05.10.2012	тех.бр.1-03/2012	1121-2459/2014	09.07.2014 15:05:48

www.katastar.gov.mk

страна 1 од 2

Одделение за катастар на недвижности Штип

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-12588/2023 од 26.10.2023 08:38:40

1105-12588/2023

ИМОТЕН ЛИСТ број: 10447 ИЗВОД
Катастарска општина: ЧАРДАКЛИЈА

Легенда на внесени шифри и кратенки:	
Шифра	Опис
гз	Вештачки неплодни земјишта
гн	Градежно неизградено земјиште

Тип	Опис
Извод	Дел од содржината на имотниот лист за избраните парцели или згради

Овластено лице:
Јулијана Стојанова
име и презиме, потпис

М.П.

www.katastar.gov.mk

I.6. Комуникациска мапа на локацијата



I.7. Макро и микро локација на инсталацијата



I.8 Локацијата на инсталацијата за производство на готова бетонска маса и производство на блокови ивичњаци и др.

I.9.Ситуација на локацијата – производство на готова бетонска маса и производство на блокови ивичњаци и др. (слики)

Силоси

Приемен бункер

Чуварска куќа и канцеларии

БАУ ИНЖЕНЕРИНГ

БАУ ИНЖЕНЕРИНГ

Хала

Машини за производство на блокови и ивичњаци

Прирачен Магацин со канал за поправка на возилата

Возила за утовар и транспорт на материјал

Цистерна за гориво

Таложник

Глава II

ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

II ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Опишете ја постројката, методите, процесите, помошните процеси, системите за намалувањето и третман на загадувањето и искористување на отпадот, постапките за работа на постројката, вклучувајќи и копии од планови, цртежи или мапи, (теренски планови и мапи на локацијата, дијаграми на постапките за работа).

II.1. Обем

Согласно Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 03/25) со кој се уредуваат правата и должностите на правните и физичките лица во обезбедувањето на услови за заштита и унапредување на животната средина заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, согласно Член 6 "Начело на висок степен на заштита" при што секој е должен при преземањето активности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето, и Член.122, БАУ ИНЖЕНЕРИНГ " ДООЕЛ Штип поднесува барање за продолжување на Б- интегрирана еколошка дозвола.

Информациите во барањето за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола се изготвени во согласнот со Правилникот за постапка за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола (Службен весник на Р.М. 112/2014 и 42/2016).

II.1.1 Историски развој

Основна дејност на Друштвото за производви и трговија "БАУ ИНЖИНЕРИНГ" ДООЕЛ Штип е 41.20 Изградба на стамбени и нестамбени згради. Имајќи во предвид дека бетонот е основен градбен материјал за изградба на објекти, со цел за поефикасно работење и подобрување на квалитетот на своите производи, компанијата има намера да го осовремени и прошири своето работење односно да започне со производство на готова бетонска маса.

"БАУ ИНЖЕНЕРИНГ " ДООЕЛ Штип е основан на 12.03.2003г. и има 20 вработени. Воглавно работи на изградба на ниско и високо градби од втора категорија со соодветен стручен персонал. Документ за регистрирана дејност од Централен регистар на Р.М. и тековна состојба на претпријатието е дадена во **Прилог 2.1** Основни дејности кои се вршат на објектот се производство на бетонска маса/ готов бетон и производство на бетонски павер елементи. Готовите производи бетонската маса и бетонските елементи ќе се користат за сопствени потреби и за поширока потрошувачка.
На објектот работат 6(шест) вработени. Објектот работи 12 месеци, 5 дена во неделата во една смена (Понеделник-Петок работно време од 07-15ч.).

Годишното производство ќе зависи од побарувачката на пазарот. Се планира годишно да се произведуваат 28.000м³ готова бетонска маса и одредена бројка на бетонска галантерија која варира, порано се планирани 6000 броја но сега овој обем е намален.

II.2. Опис на локацијата на инсталацијата

II.2.1 Микролокација

Локацијата за производство на готова бетонска маса и блокови ивичњаци и др во општина Штип на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, се наоѓа во с.Чардаклија на КП.бр.213м.в. Солена Вода КО Чардаклија, предвидена по ЛУПД урбанистички план а таа парцела, во северниот периферен дел на с.Чардаклија, односно од едната страни на регионалниот пат А3. Локацијата има површина од 8350 м^2 и истата е дефинирана со следните граници: од исток, запад и север со оработливи земјоделски површини а вод Југ со пристапен пат. Предметната локација се наоќа на 300 метри надморска височина најблиското населено место е с.Чардаклија на растојание од 380 метри

Најблиски површински водотек е р.Брегалница на околу 660 метри.

Распоред на објектите на локацијата

На југоисток регулационата линија се преклопува со границата на заштитниот појас на железничката пруга Штип-Кочани од овие причини градежната линија е дефинирана на 25м од заштитниот појас на железничката пруга во согласност со Законот за железнички систем(Сл.весник на РМ 48/10)и Законот за сигурност во железничкиот систем (Сл.весник на РМ 48/10).

На Северо-запад низ градежната парцела минува далновод со среднонапонска електрична мрежа . 10КУ изведена со воздушни електрични водови.

Од овие причини градежната линија е дефинирана на 10 м од воздушниот електричен далновод, а самиот далновод е соодвето обезбеден со заштитна зона изведена од жичена ограда.

Далновод

Во однос на околните објекти Градежната парцела го има следново опкружување:
на Север граничи со локален пат кои води до с. Батање.
На Југо –запад и запад со необработено земјоделско замјиште,
на Југо-исток со обработливо земјоделско земјиште и со заштитниот појас на железничката пруга Штип-Кочани,
на Исток со обработливо земјоделско земјиште
Во непосредна близина на локацијата нема други стамбени и деловни објекти.

Во поширокота околина на објектот се наога локација за експлоатација на минерална суровина варовник.

Во кругот на инсталацијата се наоѓаат следните објекти:

- чуварница,
- Машинска куќа со чуварница
- Бетонска база со разделна звезда и производен дел за ивичњаци и блокови,
- паркинг за товарни возила,
- простор за складирање песок.
- Систем за третман на отпадна вода
- Опрема која ја поседува инсталацијата: багери, миксери, бетонска пумпа, камиони, мали возилз – комбе, утоварачи, вага за гранулации, силоси за цемент со капацитет од 2x60=120 тони како и друга придружна опрема.

Во инсталацијата се врши производсво на бетон и бетонски елементи. Суровината се користи од околните каменоломиза производство на ивичњаци и блокови како суровини се искористуваат фракциите од песок, цемент и вода а понекогаш и адитиви. Во кругот на инсталацијата се наоѓаат следните објекти: метална барака, управна зграда, чувара, резервоар за вода паркинг за товарни возила, простор за складирање.

II.3 Приказ на климатско-метеоролошки услови во општина Штип

Карактеристики на просторот

Територијата што ја зафаќа општина Штип лежи во средното сливно подрачје на реката Брегалница. Големината на просторот во границите на Општината изнесува 556 км2, односно 3,1% од површината на Републиката.
Се граничи со седум општини: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Св. Николе и Карбинци. Сообраќајните контакти со овие општини се различни по интензитет. Најдинамични се врските со Светиниколската, Радовишката и

Кочанската општина. За вкупниот развој на Општината, особено на Штип како централна и урбана населба, од особено значење е положбата на Општината во однос на Источна Македонија и Повардарјето. Овде се крстосуваат повеќе значајни патни правци кои водат преку Источна Македонија кон Средечка Висорамнина и долината на реката Струма, кон Повардарјето на југ и кон сливот на Пчиња на север.

Местоположба на општина Штип

Сообраќајна поврзаност

Сообраќајниот систем во Општината го сочинуваат патниот и железничкиот сообраќај. Релативно добро е опслужен просторот околу магистралните патишта и железничката пруга, за разлика од ридско-планинските простори, подрачјата на планините Плачковица и Серта, како и рамнинските предели оддалечени од магистралните патишта.

Вкупната должина на патната мрежа изнесува 377,5 км, од кои 47 км се магистрални патишта, 22,5 км регионални и 308 км локални патишта.

Низ општината поминува магистралниот пат А3 (Штип-Кочани-Делчево), кој е поврзан со автопатот Е-75 (Скопје-Гевгелија), преку патниот правец Штип-Велес и со регионалниот пат Р2 334 (Штип-Карбинци-Планина Плачковица). Исто така, Штип се поврзува со магистралниот пат А4 (обиколница Скопје-Св. Николе-Овче Поле-Кадрифаково-Штип-Софилари), како и регионалниот пат Р1 103 (Лакавица-Неготино-Кавадарци-Дреново).

Единствена железничка линија која поминува низ Општината во должина од 25 км е линијата Велес-Штип-Кочани, со вкупна должина од 85,5 км. Крстосувањето на железницата со патната мрежа е во ниво. Капацитетот на пругата е преку 24 чифта

возови на ден. Степенот на искористеност е мошне низок и изнесува 30 - 33% од дневниот капацитет.

Општината има два стопански и еден спортски аеродром. Тие во целост ги задоволуваат потребите на Општината за стопанска и спортска авијација.

Сообраќајна поврзаност

Рељефни услови, наклон и експозиција на теренот

Општина Штип се карактеризира со изразито хетерогени орографски особености условени со мошне динамична рељефна структура во која се застапени рамнински делови претставени со дел од Овче Поле, Ежово Поле и котлините по река Брегалница и Крива Лакавица, ритчести простори и планински рељеф на Плачковица, Серта и Конечка. Разновидната физиономија ја потенцираат и височинските разлики кои се движат од 204 м по течението на реката Брегалница до 1.676 м на планината Плачковица. Во Општината доминира рамничарско - ридското земјиште, бидејќи површините до 500 мнв заземаат 65,1% од вкупната површина на Општината.

Ваквата рељефна структура укажува дека Општината не претставува единствена природна целина. Според морфолошките карактеристики, во неа јасно се издвојуваат 4 природни целини: долината на Брегалница, Криволакавичката долина, Ежево Поле со дел од Овче Поле и западните падини на планината Плачковица.

Геолошки карактеристики

Геотектонски, територијата на општина Штип припаѓа на Вардарската зона и Родопската маса кои меѓусебе според геолошките формации се доста

издиференцирани. Теренот е изграден од палеозојски метаморфни и магматски карпи, мезозојски седименти, терциерни седименти и вулкански карпи и најмлади квартерни седиментни и вулкански карпи. Територијата на општина Штип е сиромашна со рудни наоѓалишта. Магнетит и малахит се појавува југоисточно од селото Долани и кај селото Криви Дол, но немаат економско значење. Од неметалите значајни се младите вулкански карпи кои можат да се користат како градежен камен, од кои особено значаен е базалтот од Ежово Брдо. Се среќаваат и мермери погодни за добивање на вар.

Алувијалните наслаги се претставени со чакали, песоци и песокливомусковитски глини, а се наоѓаат покрај речните текови на Брегалница и Крива Лакавица.

Хидрографија

Сиромаштвото со извори, кратки и мали водотеци и изразени поројни текови, во хидролошка смисла општината Штип ја подредуваат меѓу хидролошки посиромашните подрачја во Републиката. Најголем воден потенцијал претставуваат водите на реката Брегалница.

Општината целосно припаѓа на сливот на реката Брегалница, која поминува низ нејзиниот централен дел и ги прибира сите помали речни текови од нејзината територија. Хидрографската мрежа во Општината ја сочинува Брегалница со нејзините притоки: Плачковица, Козјачка, Сува Река, Отиња, долен тек на Злетовка, долен тек на Лакавица и долен тек на Св. Николска.

Според геолошкиот состав, подрачјето на Општината е сиромашно со издани со поголем капацитет. Од вкупно регистрирани 120 извори, 108 се со издашност од 1 л/сек. Со издашност од 1-5 л/сек има 8 извори, од 5-10 л/сек 2 извори и од 10-15 л/сек 2 извори. Во Општината има извори на термоминерални и минерални води од кои посебно внимание заслужуваат локалитетите: Кежовица, Л'џи и Јагмуларци. Овие води според своите карактеристики се доста лековити.

Геолошкиот состав, слабата вегетациска покривка и неправилното користење на земјиштето условуваат голем дел од Општината да е зафатен со ерозивни процеси.

Вкупно се регистрирани 39 поројни текови од кои 12 припаѓаат на И, ИИ и ИИИ категорија. Ерозивните процеси зафаќаат значителен дел од површината на Општината, а ги зафаќаат просторите источно од р. Брегалница, западните падини на Плачковица, сливот на р. Отиња, ободните страни на Криволакавичка долина и поголем дел од просторот низводно од Штип.

Климатски и микроклиматски услови на регионот

Просторот на општина Штип е отворен на североисток кон Овче Поле и по долината на Брегалница кон Вардарската долина, што условува влијание, од една страна на умерено-континентална клима и од друга страна на изменето-медитеранска клима. Овие влијанија резултираат со изразити колебања на средногодишните и екстремни температури, поизразена честина на тропските денови од мразните и појава на изразито сушни лета.

Просечната годишна температура изнесува 12,8°. Најстуден месец е јануари, со просечна месечна температура од 1,4°, а најтопол јули со 23,7°. Овче Поле спаѓа во подрачје со малку врнежи, со просечна годишна сума од 506 мм. Врнежите се доста нерамномерно распоредени во текот на годината, со максимум во мај (60,1 мм и минимум во август 27,4 мм). Релативно сушни месеци се јануари, февруари, март, април, јули, август, септември и декември. Врнежите се главно од дожд. Снегот учествува само со 9%, а просечно годишно се јавуваат 18 дена со снежна покривка. По еден ден секоја година се јавуваат и врнежи од град.

Сончевиот сјај изнесува 2.377 часови годишно со максимум во јули 327 часа, односно 10,5 часови дневно. Просечната годишна релативна влажност изнесува 67% и во текот на годината посепено се намалува од јануари до август.

Маглата не е честа појава, но се јавува скоро во сите месеци како ниска магла. Овче Поле е доста ветровито подрачје. Со најголема зачестеност е северозападниот ветер, просечно годишно 196‰ и со брзина од 5,2 км/сек. Најчесто дува во летните месеци (јуни - август). Втор по честина е југоисточниот ветер, средно годишно 183‰, но со најголеми брзини и со јачина од 6,7 м/сек. Најчесто дува во пролет и во есен. Во целина, подрачјето на Општината е поветровито во пролетниот и во летниот период од годината кога тишините се движат средно-месечно од 340-400‰, додека во втората половина од годината тишините се околу 500‰.

Население

Вкупниот број на население во Општината според Пописот од 1994 година изнесува 46.372 жители, а според првите резултати од Пописот во 2002 година 48.110 жители, од кои 43.000 живеат во градот. Околу 90% од населението се Македонци, а останатиот дел Власи, Турци, Роми и др.

Природното движење на населението искажано преку индикаторите за наталитет, морталитет и природен прираст, покажува тенденции на постојано намалување на стапките, што резултира со релативно посмирен процес на репродукција на населението. Механичкиот прираст на населението е со негативно салдо.

Кај старосната структура на населението присутна е тенденција на опаѓање на учеството помладите возрасни групи, за сметка на работоспособното население и групите над таа возраст.

Присутна е и тенденција на намалување на просечниот број членови на домаќинствата.

Околу 70% од населението спаѓа во категоријата работоспособно, а околу 71% од нив е активно население.

Во оваа Општина карактеристичен е висок процент на неземјоделско население (96,4%), што е повисок од Републичкиот и од другите општини во регионот на Источна Македонија.

Во просторните рамки на општина Штип населението е сконцентрирано во 44 населби, од кои 43 се селски и една градска населба.

Економски карактеристики и стопански развој

Развојот на стопанството во последните неколку години беше под силно влијание на општите услов и за стопанисување во РМ, со силен белег на карактеристиките на транзицијата и со нагласени реформските зафати во сите сфери на општественото живеење: сопственичка трансформација, афирмација на стоковото производство, приватизација и преструктуирање на претпријатијата.

Влошените услови на стопанисување и неповолните наследени тенденции условија повеќегодишен осетен пад на производството. Транзициските проблеми ги доведоа во незавидна положба некогашните индустриски гиганти (Македонка, Астибо) по кои Штип долги години беше препознатлив и со право го носеше епитетот на Македонски Манчестер.

Штип во процесот на транзиција влезе со значаен и недоволно искористен материјален и кадровски потенцијал поради нефлексибилна стопанска структура, несоодветна организираност и изострени услови на стопанисување. Недоволната искористеност на капацитетите и расположивите ресурси резултираше со забавување на развојот, стагнација и заостанување.

Како последица на сопственичкото и производствено преструктуирање на постојните претпријатија, а особено новорегистрираните фирми, зголемен е бројот на претпријатија во сите дејности. Вкупниот број на регистрирани деловни субјекти во стопанството во периодот од 1995 изнесува 1.357, со вкупно 10.804 вработени. Најголем дел од новоформираните стопански субјекти се мали фирми, кои лесно се трансформираат. Носител на развојот се уште е текстилната индустрија, со преку 70 приватни конфекции. Застапена е и текстилно-кожарската индустрија Баргала, а со повеќе или помалку проблеми и понатаму функционираат Селена, Метална, Агроалумина, Макпромет, како и повеќе градежни фирми. Во Општината делуваат и повеќе агроиндустриски претпријатија, сточарски фарми, кланица со ладилник, дестилерија и др.

Процесот на преструктуирање овозможи и порационално користење на просторот и лоцирање на новоформираните фирми врз пазарни основи на слободен простор во рамките на постојните локации на други стопански субјекти.

Во услови на опаѓање на стопанската и инвестиционата активност и преструктуирање на стопанските субјекти, вработеноста во Општината покажува осетно намалување. Прилагодување на реформските промени, со цел да се постигне поголема продуктивност и реализира определбата за попродуктивно работење и воведување нови технолошки решенија, услови отпуштање на вишокот на вработените.

Според расположивите податоци за годишниот просек во 1994 година бројот на вработени во општината изнесувал 19.631 лица од кои 15.829 или 80,6% се вработени во стопанството. Најголем дел од вработените во стопанството се концентрирани во индустријата (9.497 лица што претставува околу 60% од вкупниот број вработени во стопанството). На второ место со 2.338 вработени или 14,8% е земјоделието, потоа со 1.712 вработени или 10,8% е трговијата, а на трето место со 959 вработени или 6,05% е градежништвото. Структурното учество на

останатите области во стопанството е релативно ниско. Од нив позабележително учество имаат градежништвото, сообраќајот, угостителството и туризмот.

Природно наследство

Врз основа на досегашните истражувања и сознанија и валоризацијата на природните вредности во Република Македонија, а согласно Законот за заштита на природни вредности и реткости, на подрачјето на Општина Штип, нема евидентирано простори и објекти со посебни природни карактеристики.

Согласно Законот за заштита културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11 и 23/13), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во руралните населби и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето кое е предмет на анализа регистрирани се недвижни културни добра (Екпертен елаборат):

1. Тврдина Исар, Штип, среден век;
2. Безистен, Штип, 16-17 век;
3. Мост на река Брегалница (Султан Ќучук Емир), Штип, турски период;
4. Саат кула, ул.Кирил и Методиј бр.70, КП7989, Штип, турски период;
5. Хусамедин - паша џамија, Штип, 17 век;
6. Црква Св. Троица, Штип, 1922-25 год.;
7. Црква Св. Архангел Главатов, Штип, 14 век;
8. Црква Св. Архангел Михаил (Фитија), Штип, 14 век;
9. Црква Св. Јован, Штип, 1350 год.;
10. Црква Св. Никола, Штип, 1867 год.;
11. Црква Св. Спас, Штип, 1369 год.;
12. Митрополија, ул. Тошо Арсов бр. 3, Штип;
13. Магаза, ул. Иво Рибар Лола бр. 54, Штип;
14. Црква Св. Троица, градска некропола, Штип.

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се локалитети:

- КО Штип - Астибо - Стар Конак, населба од римско време, општо мислење дека локацијата на Астибо треба да се бара на Брегалница во околината на Штип, како појдовни елементи биле земени археолошки траги и денешно растојание меѓу Штип и Стоби; Бабите, тумули од железно време, се наоѓа на околу 600 м северно од новата населба Баби, на десната страна од патот Штип-Стар Караорман; Исар, средновековна тврдина, се наоѓа во западниот дел на градот, на западната страна со коритото на Брегалница, а на јужната со коритото на Отиња; Кемер, аквадукт од римско време, се наоѓа во коритото на реката Отиња, на околу 500 м североисточно од градот; Св. Архангел Главатов, средновековна црква, се наоѓа во

маалото Стар Конак; Св. Архангел Михаил (Фитија), средновековна црква со некропола, се наоѓа во долниот дел на падините на ридот Исар; Св. Василиј, средновековна црква, се наоѓа на северната страна во подножјето на Исар; Св. Илија, средновековна црква, се наоѓа на левата страна од градот; Св. Јован Крстител, средновековна црква, се наоѓа на јужната падина на Исар, десно од крилото на Отиња, пред влезот на Ново Село; Трговски центар, рудник од римско време, се наоѓа во централниот дел на градот, од десната страна на реката Отиња; Тузлија, некропола од римско време, се наоѓа во непосредна близина на Стар Конак на падините што се спушта кон коритото на Брегалница.

Воздух

Главен извор на загадување е индустријата која во екосистемот емитира, гасови, пареи, чад магла, прашина и ареосоли. Загадувањето на воздухот најповеќе е резултат на преработка на сулфидни концентрации на обоени метали, како и на согорување на кокс и други карбофилни горива во индустријата и домаќинствата.

На загадувањата на воздухот многу влијае топографијата на теренот, висината на индустриските оџаци и атмосферските услови. Најкритично загадување е во услови на отсуство на хоризонтално и вертикално струење на воздухот, особено кога е истото проследено со температурни инверзии.

Најрационален и ефикасен начин за заштита на животната средина од штетните влијанија врз воздухот е превентивното делување и спречување на продукција на штетни емисии во самите извори на нивно создавање. Квалитетот на воздухот најмногу го нарушува присуството на гасови, прашини и други штетни материи кои негативно влијаат врз здравјето на луѓето, екосистемите и природните создадени вредности.

Општина Штип е веројатно еден од ретките простори во Републиката кој може да се пофали со чист воздух. Основна причина за ова е непостоење на тешка индустрија која е еден од основните извори на аерозагадување. Постојаното присуство на ветар, од друга страна обезбедува перманентна аерација, така да дури и смогот е многу ретка појава. Меѓутоа, постојаното зголемување на бројот на моторни возила секако е и потенцијална опасност по квалитетот на воздухот, поради емисија на чад и издувни гасови, особено во централното градско подрачје.

Интензивниот развој на сообраќајот, високофреквентните сообраќајници и другите сообраќајно прометни места, особено во критичните периоди на денот се висок потенцијален ризик, кој упатува на потребата од будно следење на состојбата што е предуслов за брзо реагирање во случај на влошување на состојбата.

Една од мерките за реализација на превентивниот пристап во заштитата на воздухот е обезбедување на солидно согорување во огништата на разните горивни инсталации и добра карбурација на горивата во моторите со внатрешно согорување.

Исто така, значајни мерки кои придонесуваат за надминување на проблемот со загадување на воздухот се:

- изградба на широки улици кои овозможуваат брзо проветрување;
- зголемување на површините со зелени насади и дрвореди;
- подобрување на коефициентот помеѓу изградените и слободните површини;
- подигање зелени појаси околу индустриските зони, производните капацитети, резервоарите за вода и др.

Идентификација на проблемите

- Голема концентрација на индустриски објекти на територијата на Општината.
- Појава на голема густина во сообраќајот за време на работните денови (појава на шпицови).
- Недостаток на сеопфатни и сигурни податоци за емисиите со загадувачки супстанци и квалитетот на воздухот за општина Штип.
- Употреба на горива при чие согорување се емитираат значителни количества на загадувачки супстанции, посебно кај домашните ложишта.
- Употреба на застарена опрема и стара технологија во индустрискиот сектор.
- Употреба на горива со висока содржина на сулфур и возен парк со стари возила.
- Недостатоци на системот за проценка на здравствените и на еколошките ризици од штетното влијание на атмосферските загадувања.
- Недоволна соработка на инволвираните страни во процесот на управување со воздухот.
- Незастапеност на алтернативните извори на енергија на пазарот.

Вода

Негативните влијанија на отпадните води во најголем дел се рефлектираат на квалитетот на водата на реципиентите, потоа на подземните води, почвите, здравјето на луѓето и живиот свет во коритата на реките. Загадената вода од реките која се користи за наводнување на земјоделските површини ги загадуваат и земјоделските култури преку кои индиректно се пренесуваат штетните материи во храната, а со тоа предизвикуваат заразии и други заболувања кај луѓето.

Непрочистените отпадни води што се испуштаат во реките вршат загадување на водата, но и на подземните води кои се наоѓаат во близина на загадените реки. Користењето на подземните води за пиење или наводнување, директно влијае врз здравјето на луѓето и загадување на земјоделските култури.

Општина Штип се наоѓа во делот од Македонија кој е исклучиво дефицитарен со вода. Основен извор за водоснабдување се водите од р. Брегалница, односно подземни води кои се резултат на инфилтрација на речната вода на Брегалница која преку хидраулична врска со водоносните слоеви се акумулира во приобалните водни басени. Вкупниот капацитет се движи од 240-300 л/с во зависност од хидролошките услови. Водоснабдувањето за комунални и индустриски потреби на

подрачјето на општина Штип се врши преку каптирани извори од поединечни локални или групни водоводни системи.
Водоснабдувањето за комунални и индустриски потреби го врши ЈП Исар со РЕ Водовод и канализација со дејностите: Производство и дистрибуција на вода за пиење, Колектирање, пречистување и одведување на отпадна вода. Јавен водоводен систем има изградено во градот и уште во 4 селски населби (Три чешми, Караорман, Долани и Драгоево). Тие се снабдуваат од подземни води кои се резултат на инфилтрација на речната вода на реката Брегалница која преку хидраулична врска со водоносните слоеви се акумулира во приобалните водни басени, а од 2022 година вода за пиење се користи и од Хидросистемот „Злетовица“.
Од вкупно 44866 жители на градот Штип на водоводната мрежа се приклучени околу 90%.
Вкупниот број на приклучоци изнесува 12.791 од кои 11.975 се за домаќинства и 806 се за индустрија.

Должината на водоводната мрежа изнесува 125км и е со следнава структура:

- Челични цевки (3,75 км)
- Лиено-железни цевки (1,25 км)
- Азбест-цементни цевки (42,5 км)
- Пластични цевки (23,75 км)
- Поцинковани цевки (53,75 км)

Селското население во 43 населби со вкупно 4642 жители се снабдува со вода за пиење и комунални потреби од природни извори во најголем случај. Останатите населби го решаваат проблемот со водоснабдувањето преку јавни чешми (од каптирани локални извори) и индивидуални или јавни копани бунари. Водоснабдувањето на населението и индустријата е многу значаен фактор во обезбедување на хигиенските, здравствените и воопшто животните услови за населението, економски фактор во индустриското производство и секако основа за идниот севкупен развој на градот.
Како индикатор за зголемување на пазарот се жителите на градот чиј број согласно направените прогнози во Генералниот урбанистички план, во 2010 год. би изнесувал 50.546 жители.

Проширувањето на површината на која претпријатието ќе обезбедува услуги, ќе ја следи реализацијата на урбанистичките планови, како и приклучувањето на градскиот водоводен систем на постоечките населби кои се водоснабдуваат од други извори.

Исто така, не редок е случајот на испуштање на отпадни води во близина на бунарите за водоснабдување на селските населби. Контрола на квалитетот на водата во градот со нас. Три Чешми, е во надлежност на Институтот за Јавно Здравје на Р.С. Македонија кој врши годишна комплетна физичко-хемиска, радиолошка и анализа на пестициди; ЈЗУ Центар за јавно здравје Штип, каде два

пати неделно се врши мала хемиска анализа на сирова и преработена вода и Лабораторијата во фабриката за преработка на вода каде се врши секојдневно мала хемиска и бактериолошка анализа.

Во населените места с. Караорман, с. Долнени и с. Драгоево кои имаат системи за водоснабдување, контрола на квалитетот на водата се врши еднаш месечно од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје од Штип. Во останатите селски населби кои немаат системи за водоснабдување, односно се водоснабдуваат преку бунари, чешми или индивидуални системи, нема контрола на квалитетот на водите, а третманот се сведува само на хлорирање, нема следење на квалитетот на водата и затоа постои перманентен ризик по здравјето на луѓето и животната средина.

Градот Штип има изградено канализациона мрежа за одвод на фекални и индустриски отпадни води (системот е сепаратен), изграден во периодот од 1960 до 1996 година со вкупна должина од 97,7 км. За прифаќање на фекалните и индуструиски отпадни води, во 1990 година е изграден колектор со вкупна должина од 13.500 м и профил Ф300-Ф1200 мм, како и уште четири споредни колектори со помал профил.
Постојните станбени и деловни објекти се приклучени на градската канализациона мрежа.

Ова особено се однесува на поголем дел од индустриските објекти кои воопшто не се приклучени на канализациониот систем, а со тоа и на колекторите. Тоа се капацитетите: Балкан-Експрес, Нико-Петрол, Електропренос, ПИ Македонка Политекс, цела северна индустриска зона, голем дел од капацитетите околу железничка станица, Каленица, Баргала, Кланица со ладилник, Живинарска фарма, Дестилерија и др. Дел од нив ги испуштаат отпадните води во септички јами, а дел дури и слободно ги испуштаат во околните канали или во Брегалница. Сите отпадни води (фекални, индустриски) и оние кои се испуштаат преку колекторот и оние кои одат директно во реципиентите, поради непостоење на пречистителна станица, се испуштаат без претходен третман.

Идентификација на проблеми

- Водоснабдувањето на населението во Општината е проследено со: загуби на вода, недоволен притисок, диви приклучоци, застарена мрежа, недоволен резервоарски простор и недоизграденост на водоводниот систем.
- Недостиг на податоци за следење на количеството и квалитетот на отпадните води од индустријата.
- Непостоење на мониторинг на квалитетот на водата.
- Непостоење на пречистителна станица.
- Недоизградена фекална мрежа во градот.
- Лоши карактеристики на постојната фекална мрежа (мали профили).

Отпад

Човекот со својата активност продуцира големи количини на цврст отпад. Со процесот на индустријализацијата, урбанизацијата и зголемување на стандардот на живеење, овие количини покажуваат тренд на пораст. Комуналниот и технолошкиот-неопасен отпад е во корелација со развојот на Општината. Поголем дел од комуналниот отпад се создава од човекот и терцијарните дејности (трговија, угостителство и туризам), а технолошкиот-неопасен отпад се продуцира од производните дејности.

Депонирањето на цврстиот отпадни материи кои се производ на животните и работни активности на луѓето е еден од посериозните проблеми во Општината.
Комуналниот отпад се депонира на место викано Трештена Скала.

ЈП Исар има назначено две локации за депонирање на шут, но бидејќи истите нередовно се празнат и нема простор за ново одлагање, граѓаните го депонираат шутот по диви депонии кои им се најблиски.
Индустрискиот отпад се депонира позитивните законски регулативи.

Проблеми создава и пластичната амбалажа, која не се селектира од останатиот отпад, поради недоволна количина на канти за складирање на отпадот.

Општината нема депонија за изумрени животни, ниту пак депонија за медицински отпад.

Привремената депонија не ги задоволува минималните санитарни стандарди и прописи. Нема никаква инфраструктура (вода, електрична енергија), нема средства за дезинфекција, јама за пцовисани животни и др. Отпадот се одлага без никаков третман (само се нивелира и затрупува со земја и песок), а поради непосредната близина на елитна станбена населба и рекреативен центар, таа објективно претставува сериозен потенцијален извор на заразни заболувања и епидемии.
Со Генералниот урбанистички план на град Штип е предвидена локација за санитарна депонија на локалитетот Трештена Скала, на оддалеченост 4 км од градот, односно 2 км од обиколниот пат Скопје-Струмица.
За отстранување на цврстиот отпад во градот е задолжено Јавното претпријатие Исар.

Идентификација на проблеми

- Многу мал процент на целата територија на Општината со организиран систем на собирање на комуналниот отпад;
- Постоење на голем број диви депонии со различен капацитет кои штетно влијаат врз сите медиуми на животната средина;

- Непостоење на податоци за количините и видовите на сите видови на отпад на територија на Општината;
- Недоволна екипираност на општинскиот кадар кој ќе ги следи и контролира состојбите во управувањето со отпадот врз основа на Законот за управување со отпад;
- Недоволна свест кај населението за проблемите предизвикани од непотполното управување со отпад (непостоење на интегриран систем за управување со отпад).

Почва

Квалитетот на почвите претставува основен предуслов за остварување на одржливиот развој. Современите процеси на урбанизација и особено користењето на земјиштето за стопански цели најдиректно влијае врз интензитетот на користење на земјиштето и промената на неговиот квалитет. Постојат многу причинители кои предизвикуваат оштетување и загрозување на земјиштето: загадените отпадни води, исталожените честици од воздухот (тешки метали и сл.), ерозијата, нерационалното користење на хемиски средства во земјоделството, сообраќајниците, депониите, урбаните и руралните населби, добиточните фарми со несоодветна изградба на помошни објекти, викенд населбите, инфраструктурните системи и др.

Користењето на арско и вештачко ѓубре и пестициди се одвива без соодветна контрола. Некои пестициди имаат висока токсичност со голем ризик по здравјето на човекот и негативни влијанија врз растенијата, животните и екосистемот.

За да се спречат негативните последици од примената на хемиските препарати и вештачките ѓубрива во земјоделието, неопходно е да се намалат количините на оптималното ниво и едновремено нивно супституирање со воведување и примена на био пестициди и органски ѓубрива со кои се обезбедува продукција на здрави и еколошки чисти производи.

Биопестицидите претставуваат живи организми, микроорганизми или производи на нивните животни процеси. Хигиенските предности од употреба на биопестицидите се:

- отсуство на негативни ефекти врз флората и фауната,
- отсуство на загадување на животната средина,
- отсуство на резидуи (остатоци) во хранливите продукти,
- нерегистрирана отпорност кон нив.

Идентификација на проблеми

- Загадување на почвата од употреба на хемиски средства.
- Нестручна употреба на хемиски препарати и вештачки ѓубрива.

Бучава

Една од негативните последици на техничко-технолошкиот развој е бучавата. Нејзиното влијание е присутно во сите сфери на човековото живеење и се повеќе претставува проблем на кој треба да му се обрне целосно внимание. Општината Штип, сама по себе, не е поштедена од оваа појава, туку напротив, трендот на нивото на непријатна бучава постојано се зголемува. Најчеста причина за појава на штетна бучава т.е. бучава над максимално дозволено ниво (МДН) се сообраќајните средства и производните и услужните машини и алати. Исто така, се почести се случаите на енормно гласна музика од ресторaните и кафулињата кое воопшто не се санкционира од страна на надлежните органи.

Со зголемување на бројот на населението и пренаселеноста на градовите, брзото темпо на индустрискиот развој, модернизацијата и автоматизацијата на животните услови, луѓето од ден на ден се повеќе се судруваат со проблемот на бучавата. Кога зборуваме за бучава во градот се мисли на т.н. еколошка бучава, односно комунална бучава. Еколошка бучава е бучава која ја реципираат луѓето надвор од домаќинствата и работните места.

Бучавата произлегува од урбаните активности и тоа:

- Сообраќај,
- Производни и деловни процеси,
- Бучава од ентериерно потекло (станбени згради, трговско деловни центри и сл.),
- Бучава од угостителски објекти.

Водоснабдување и одведување на отпадни води

За подмирување на потребите од вода најзначајни се површинските води како најраспостранет и незаменлив ресурс кој обезбедува живот и развој на екосистемот.

Подземните води поради високиот квалитетот со кој најчесто се одликуваат може да имаат големо значење за покривање на потребите од вода, но потребни се дополнителни истражувања за нивниот квантитет и квалитет.

На територијата на Р. Македонија регистрирани се вкупно 4.414 извори, од кои со штедрост поголема од 100 l/s регистрирани се 58.

Подземните води-аквифери формирани се главно во котлините и нивната издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради посебниот квалитет сезначајни за покривање на потребите од вода. Подземните води треба да се користат потполно од како ќе се проучат нивните аквифери, не се дозволува прекумерна

експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на нивниот режим.

Согласно Просторниот план на Република Македонија и долгорочните планирања, основна цел во развојот на водостопанството е обезбедување висококвалитетна, санитарно чиста вода, првенствено за водоснабдување на населението и прехранбената индустрија. Квалитетното водоснабдување подразбира и континуирано доведување на вода до потрошувачите во текот на целата година со потребниот квалитет и квантитет.

II.4 Опис на инсталацијата и опремата

Опрема која ја поседува инсталацијата

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП, располага со голем број на машини и технички постројки за обавување на дејноста од кои како најзначајни ги наведуваме следните:

- Утоварач 150
- Компресор
- Камион влекач кипер
- Камион кипер
- Комбе
- Трактор
- Торни
- Фасадно скеле
- Камион кипер
- Работнички алат
- Бетонска база
- Вибро-жаба
- Пер-вибратор
- Миксери за транспорт на бетон бр. 3
- Валјак 1,5м
- Нискоросечка приколица

Постројка за производство на бетон се состои од:

- Шасија (на која се монтирани уредите коа се дел од функција на бетонската база),
- Вертикална (принудна) мешана.
- Корпа за дозирање на агрегат
- Уред за дозирања на цемент (полиеста транспортери два, спрема силоси за цемент)
- Уред за дозирање на вода (водомер)

- Уред за привлекување ма агрегат (скрелер)
- Силоси за цемент (два броја)
- Вага за цемент
- Вага за агрегат
- Разделна ѕвезда
- Компресор

Во близина на објектот нема лоцирано други објекти од слична дејност но има други производни објекти.

Пристапот кон Инсталацијата е асфалтен пат а поблиската околина е обработливо земјоделско земјиште.

Во близина на Инсталацијата има лоцирани други индустриски и слични капацитети. Инсталацијата граничи со незначителен процент обработливи земјоделски површини.Теренот е рамничарски со флора и фауна карактеристична за подрачјето, без посебно заштитени растителни природни добра. Подрачјето не е оптеретено со загадувачки материи од други индустриски капацитети.

Теренот на кој е лоцирана инсталацијата е рамничарски ,а минералошкиот состав е мнерален камен.

Плацот е ограден.

Предметната локација е поврзана со канализациона и водоводна мрежа. Објектот преку земјен пат е поврзан со регионалниот пат. Во близина на локацијата нема недвижни културни добра и пејсажот се одликува со ниско стеблести и грмушести шума.

Средно годишната температура има вредност од 13,5 С, просечната годишна влажност изнесува 69%, сончевиот сјај е 2148 часови а годишните врнежи се движат од 500-600 л/м3.Преовладуваат ветрови од северен и северозападен правец.

Од инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, нема насочена емисија на гасови. Емисија на штетни компоненти во воздухот имаме од издувните гасови од механизацијата, прашина од складираниот материјал при појава на силни ветрови, што се спречува со постојано прскање на складираниот материјал со вода. Количината на штетни компоненти од емисијата на издувни гасови од механизацијата е мала, не е можно мерење и истото може да се определува пресметковно што во случајов е непотребно бидејќи истата е незначителна. Ова загадување е поизразено при поголема фреквенција на возилата при повисоки амбиентални температури но со оглед на отворениот простор од сите страни, концентрациите би биле занемарливи.

Поради природата на дејноста на фирмата, од инсталацијата има емисија на отпадни води од санитарен вид и од самиот процес. Водата не ги менува физичко-хемиските карактеристики, освен зголемениот процент на седимент. Маслото се собира во метални буриња и со истото се постапува согласно прописите. Санитарните отпадни води од објектот во количина соодветно на бројот на

вработните, нетретирани се испуштаат во сопствена канализациона мрежа која завршува во септичка јама.

Самата локација нема атмосферска канализација а атмосферските води по гравитациски пат се одведуваат во природна вододерина.

Согласно со „Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл.весник на Р.Македонија бр.64/93), локацијата на објектот за складирање и примарна обработка на опадни материјали на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, е во подрачје на станбено изградени објект со деловни простори и е во 3-та група каде е дозволено ниво на бучава од 55 до 60 дБ.

Нивото на штетна бучава што се емитира од објектот, е под максимално дозволеното ниво и нема потреба од спроведување на посебни мерки за спречување на штетна бучава.

Како цврст отпад од експлоатацијата на минералните суровини на локацијата во самата инсталација само поситна фракција од камен која нема комерцијална вредност. Минималната количина на отпад од видот на комунален се изнесува од фирмата и се депонира на општинската депонија.

Обезбедување на границите на Инсталацијата од пристап на невработени лица

Инсталацијата е техничко-технолошки изведена да може да работи непречено и безбедно од почеток до крај на работното време. Оградувањето на Инсталацијата од непосредната околина е извршено со природните ограничувања на западната и источната страна а северната страна со природна ограда од дрва со што се оневозможува пристап на невработени лица. Влегувањето и излегувањето од Инсталацијата се врши ограничено од двеодредени места, односно на главниот влез кој е на страната на пристапниот пат и сопреден влез од источна страна. На главниот влез е поставена табла со назив за означување на Инсталацијата.

Уредување и одржување на околината односно сообраќајниците во бетонската база

Со цел да се обезбеди непречен пристап на возила и машини за дотур на материјали на базата се користат постојните сообраќајници и истите се одржуваат во чиста состојба

Определување на местото, просторот и начинот на разместување и складирање на градежните материјали

Сите материјали и опрема кои се потребни за процесот на експлоатацијата односно за изведување на одредена работа на Инсталацијата се поставени, односно складирани, на однапред определено место, така да се овозможува лесен преглед и нивно не сметано земање без опасност од уривање и причинување на било каква повреда. Материјалите се разврстени по вид, тежина и приоритети .

Начин на транспортирање, натоварување, истоварување и депонирање на разни видови градежни материјали и тешки елементи

Транспортирањето, натоварувањето и истоварувањето и складирањето на материјалот од извршената експлоатација и тешките предмети се врши со превозни средства за превоз на таков вид материјал, камиони кипери и друг вид на градежна механизација, на начин соодветен за изведување на работите од овој вид.

Начин на обезбедување и обележување на опасните места на инсталацијата

Обезбедувањето на опасните места се врши така што на влезот на инсталацијата е поставена табла со натпис "Забранет влез на невработени", а за вработените се поставени табли за предупредување на местата каде постои опасност. Исто така се поставени табли со натпис за задолжително носење и користење на средства за лична заштита. Таблите за предупредување се поставени на видно место и на сите места каде постои можност од настанување на повреда.
Заради безбедност на вработените не смее да се врши поправка на машините и уредите додека претходно не се исклучи напонот. Во колку настанат дефекти на електричната инсталација отстранувањето на истите може да го врши само квалифиокувано лице за таа цел.
Заради заштита од удар на струја на работниците на сепарацијата, сите машини и уреди кои се напојуваат со електрична енергија се заземјени со заштитно заземјување. Кругот во кој е лоцирана сепарацијата е осветлен со систем на улично осветлување со светилки, а исто така и поединечни пресипни места се осветлени со светилки.

Мерки и средства за заштита од пожар

Заради карактерот на процесот на производство во самата сепарација особено внимание се посветува на мерките и средствата за заштита од пожари. Електричната инсталација, апаратите и машините на електричен погон секогаш се одржуваат во исправна состојба, а електричната инсталација низ канцелариите е прописно изведена со што е спречено појава на куса врска која може да предизвика пожар.
Во случај на пожар за негово гаснење ќе се користат апарати за ПП-Заштита а ако пожарот е од поголем карактер се бара помош од најблиската ПП - Бригада.
Во зоните на опасност, се забранува работа со алати, уреди и опрема со кои при работа се создава искрење и тоа претставува опасност од пожар и експлозија.

Пожарно оптоварување на објектите

Вкупното пожарно оптоварување е вкупна топлина која може да се ослободи од топлинската моќ на целиот горлив материјал во просторот т.е. таа ја претставува пресметковната вредност на топлинската енергија во еден објект, која може да се ослободи во пожар.

Согласно пресметката за канцеларијата, гардеробата и санитарните простории тие се со средно пожарно оптоварување.

Кај инфраструктурните објекти применети се следниве градежно конструктивни елементи со соодветна пожарна отпорност на истите:

Елементите од носивата челична конструкција се обоени со огноотпорна боја чија пожарна отпорност изнесува 30 минути

Опасност од избувнување пожар од инсталациите на опремата

На Инсталцијата нема инсталирано систем за складирање на горива па можност за избувнување напожар од ваков карактер е сведена на минимум.

Ангажираната механизација, потребна за ваков вид објекти, со гориво се снабдува со автоцистерни и цистерни преку директно преточување во резервоарите па во опасност од избувнување на пожар спаѓаат:

Опасност од неправилно ракување со уредот за преточување
Опасност од неизолирани цефки во моторите со внатрешно согорување
Опасност од корозија
Опасност од неможност за обезвоздушување на инсталацијата
Опасност од неможност за празнење на инсталацијата
Опасност од непредвидлива компензација на термичките инсталации

Опасност од избувнување пожар од електрични инсталации и мерки за заштита од пожар

Каблите за напојување на потрошувачите во инфраструктурните објекти се тип PPOO, со соодветен пресек димензиониран за максимално оптоварување. Со правилен избор на осигурачите и останатата опрема, спроведени се мерки за спречување на пожар од преоптоварување или куса врска.

За заштита на објектите, изведена е класична инсталација на заземјување од железно поцинкувана лента FeZn 25x4 mm положена во земјен ров.

Одредување зона на опасност

Зоната на опасност од избувнување почар е просторот околу:

Корисниците на електрична енергија; електромоторите на постројката и електричните апарати во инфраструктурните објекти

Мерки и средства за лична - заштита

За **лична** — заштита се предвидуваат вообичаените мерки,како што се:

Забрането внесување на запалливи материјали во близина на просторот каде се врши полнење на гориво
Одредување посебно место за дополнување на гориво

Заземјување на сите метални делови од постројката и трафостаницата Како значајна мерка за заштита се предвидува и поставување на знаци за предупредување,како:

Забрането пушење околу просторот за манипулација со гориво

Забранета употреба на отворен пламен во близина на просторот за манипулација со гориво

Забранета употреба на алат кој искри

Средства за Лична – заштита

Како средства за Лична — заштита предвидени се средства за "суво" гасење — локализирање на пожар и тоа:

Превентивни средства - прирачен алат (лопата, копач и кофа), песок ПП

- апарати за "суво" гасење - локализирање на пожар

Организција за лична - заштита

Сите вработени лица на сепарацијата се запознаени и задолжени се да учествуваат во гасењето на пожарот при појава на пожар.

Укажување на прва помош во случај на повреда при работа

Давање прва помож на работниците во случај на повреда при работа се врши на лице место, за која цел се користат средствата од сандачето за прва помош.

Прва помош на повредениот му дава лице обучено за давање прва помош.

Доколку повредата е потешка и е потребна помош од стручни лица лицето повредата се санира на лице место, а потооа повредениот се пренесува до најблиската здравствена установа.

Чуварска служба

Чуварите на објектот на кои што работното време им започнува по завршувањето на работното време на работниците на објектот, ги имаат следните обврски.

Да ги чуваат и сочуваат сите материјали, машини, алати и други работи кои се наоѓаат на објектот.

Да спречува пристап на објектот на лица кои не се вработени на објектот, и после работа на било кое лице, без одобрение на управата или техничкиот раководител на сепарацијата.

Да спречат изнесување на материјали и друго од објектот без потребна документација или одобрение.

Редовно и постојано да врши обиколување на објектот, а посебно вон работното време и ноќе.

Во случај на појава на почетен пожар да превземе мерки за локализирање на пожарот и да ја извести ПП бригада на Општината, и соодветните служби.

По завршувањето на работното време, ако случајно остане неизгаснат оган,истиот да го изгасне и го извести раководителот на објектот за да не се пофтори истото.

За време на должноста да не се задржува подолго време во канцеларија или чуварница и да не спие.

Секојдневно да води книга за дежурство, во која ќе ги внесува сите настани кои ќе се слуичат за време на неговото дежурсатво и за тоа да го извести раководителот на сепарацијата,наредниот ден.

Да не го напушта работното место се додека не му дојде замена,односно не одпочне редовното работно време и го извести раководителот или лицето кое го заменува во негово одсуство.

За настаните во неговата смена како и промените на објектот, да врши примопредавање на должноста со чуварот кој го заменува.

Инсталацијата работи во една смена дневно во текот на целата година, со исклучок на зимскиот период кога температурите се спуштаат под минус пет степени целзиусови, работата се прекинува додека не се створат поволни климатски услови, односно додека малку мразот се стопи.

II.4.1 Опис на придружните објекти

На локацијата во моментот на поднесување на барањето за издавање на Б-ИСКЗ има поставено канцеларии, чуварница, хала, управна зграда,во која е сместена управата на инсталацијата и простории за вработените, помошни објекти. Пред објектот е оформено проширено плато за паркирање на службени возила.

Гардеробен и санитарен блок за целиот комплекс е во склоп на управната зграда, приземен со потребен број единици - гардероби и санитарии како и заеднички простор за одмор.

Локацијата каде се наоѓа активноста е во западниот дел на Република Македонија.

II.5 Опис на технолошкиот процес

Бетонска база

На локацијата има една бетонска база и тоа:

- Бетонска база со производствен капацитет од 50 м3/час која работи во склоп на погонот за производство на блокови ивичњаци и др со вкупен капацитет на силосот поголем од 50 м^3.

Опис на технолошкиот процес за добивање на бетон

Бетонска база со производствен капацитет од 50м3/час;
Технологија на производство на бетон е опишана подолу:
Суровините за производство на бетон се состојат од:

- Фракција на гранулат од 0-4мм
- Фракција на гранулат од 4-8мм
- Портланд цемент
- Вода
- Адитиви за бетон

Преку друмски транспорт од страна на добавувачи се довезуваат суровините на самата локација (фракции на гранулати кои се складираат на склад за фракции, додека цементот во силоси за цемент)

Дозирањето на компонентите за производство на бетон, како што се песок, цемент и вода се врши според зададена рецептура на овластени институции според меѓународните стандарди и прописи. Дозираната смеса добро се измешува во бетономешалката, а потоа се пресипува во миксер транспортно возило, кој директно го носи готовиот бетон на објект. При самото вградување на свежиот бетон по потреба се додаваат адитиви за бетон.

По завршување на сите операции опремата за производство транспорт и вградување на бетон се пере на самата локација.

Треба да се напомене дека рецептурите се зададени за сув камен агрегат. Доколку времето е влажно, потребно е да се врши редукција на водата, а да се зголеми учеството на фракциите за оптимална влажност на фракциите и тоа за прва фракција до 5%, а за другите маџ1%. Исто така е неопходно за повисоките МБ да се користи пластификатор (суперфлуид или друг).

Шематски приказ на механизацијата и распоредот на опремата и машините во производствениот процес се дадени во Прилогот II.3.1



р.бр.	Технички карактеристики	ABS 24
1.	Капацитет на свеж бетон (м3/ч)	20-24
2.	Суво полнење на мешалица (л)	500
3.	Содржина на свеж бетон (л)	400
4.	Дозволена големина на гранулат (мм)	50/70
5.	Тежина на вага за агрегат (кг)	1000
6.	Тежина на вага за цемент (кг)	200
7.	Потребен проток на вода (м3/ч)	10
8.	Притисок на вода (бари)	4-6
9.	Капацитет на полжест транспортер (т/ч)	30
10.	Капацитет на скрепер (м3/ч)	30
11.	Електричен приклучок	220/380V

Слика 7 Технички карактеристики на бетонска база

II.5.1 Технолошка шема за производство на Бетон



Годишно производство се планира на околу 28 000 м^3 готов бетон.

Конструкција

Сите делови на инсталацијата (мешалка корпа за агегат, транспортери на цемент, вага за агрегат-вага за цемент, скрепер, водомер, и управувачки деп) се вградени на заедничка шасија и прават една заедничка целина.

Компактноста на конструкцијата, брзата монтажа и демонтажа, квалитетот на изработката и сигурноста во експлоатација обезбедуваат економично производство на најквалитетни марки на бетон.

Едноставниот и брз транспорт ги прават економични при опслужување на мали и средни градилишта. Ваквите типови на бетонски бази можа да функционираат рачно и автоматски

Мешалка

Типот на мешалка а вертикална, опремена со посебен федерен уред за амортизирање на ударите на лопатките што дава голема сигурност ва работата. Квалитетниот материјал и квалитетната изработка на деловите обезбедуваат висок степан на експлоатација. Конструкцијата на мешалката е изведена во облик на чаша во чија оска се наоѓа ротор со свој погон на која се прицврстени носачи на лопатките. На самото дно се наоќа отварач, кој се отвора и затвора со хидрауличен цилиндер. Со ваков начин на конструкција цементното млеко нема мажност да дојдедо багерите и да ги оштети, со што се постигнува поголема економичност во време што е особено важно во современите начини наспремање на свеж бетон. Облогите на мешалката и лопатките се од манганови челици кои може лесно да се менуваат.

Целата мешалка е поклопена така да отпрашувањето е сведено на најмала можна мерка, додека безбедноста при работа е максимална. На долниот дел од мешалката има отвор-испуст кој се испушта готовиот бетон директно во камион миксер

Запремнина	Ел. мотор	Хидро пумпа	Бр. вртежи	Суво полнење	Бр. на лопатки	Раб.притисок на хидроулична инсталација	Тежина на мешалка
L	KW	KW	V/MIN.	KG.	BR.	BARI	KG.
750	22	2,2	25	1200	4+2	70	2500

Скрепер (повлекувач)

На самата шасија ОД постројката од страна на полупресечената звезда, се наоѓа постамент за поставување не скепер. Скепер а систем на повлекувач ма материјал-агрегат со корпа (во вид на лажиа), со мотор ед 5 KW. Капацитет ЗО $м^3ч$. Повлекувачот е поставен во позиција центар на полупреосечена звезда.

Скрепер се користи за механизирање на транспортни операции во магацини за насипни материјали, за кои што евентуалното раздробувања на материјалот при пренесување не се од некое значење. Скреперот заграбува определено количество на материјалот и го пренесува до приемното место. После ова следува празен од и повторување на циклусот.

Дозирањето на дробен агрегат се врши со корпа. која са дозира од чатири бункери по соодветни фракции распоредени во центарот на разделната звезда преку автоматски пнеуматски вантили. Корпата после мерењето на вага посебно за секоја фракција автоматски се носи преку шини до мешапка. После истурањето на агрегатот во машалката корпата се враќа назад на почетна позиција за следниот циклус на полнења. Корпата на скреперот може да повлече 200 кгр од материјалот.

Полжест транспортер



Бројот на полжести транспортери зависи од бројот на силос и ги има два, а нивната улога е да транспортираат цемент од силосите во вага цемент. На долниот дел од транспортерот, кој е поврзан со силосот, се наоѓа отвор за полнење а под него отвор за повремено чистење. Спојувањето на силосот и полжестиот транспортер се врши са помош на гумена облога која се притегнува со шепни. Отворот за празнење се наоѓа на горниот дел ја полжест транспортер и а поврзан со вагата за цемент. Погонот на спиралата го врши мотор редуктор кој е прицврстен на долната страна транспортерот 3 Kw.

Силос за цемент (прашкаста суровина)

На инсталацијата има два цилиндрични метални силоса за цемент, секој со капацитет од 60 тони, вкупно 120 тони.

Силосите се потпрени на четири нозе поврзани со армирано бетонски столбови поставени на армирано бетонски фундаменти. Под секој силос има посебен цевест довод за прашкаста суровина (цемент) обезбеден со лептирест затварач и приклучок за полжестиот транспортер. На кровот се наога отпрашувач на силисот. Вентилаторот го усисува воздухот низ филтер врекаата на која се задржува прашината а чистиот воздух излегува надвор.



Технички карактеристики	димензии
Запремнина на силос (м3)	50
Капацитет на цемент (т)	60
Димензии мм H	13580
L1	3620
L2	5500
A	2050
FD	3000
Fd	216
Оптеретување на силоси (kN)	300

Дозирање на вода

Дозирањето на вода се врши преку контактен водомер. Водомерот е од проточен тип со потопен механизам. Контактниот водомер има во себе две сказалки втората го мери протокот, и во моментот на спојување со првата сказалка дава импулс на електро-магнетниот вентил, кој врши затварање на протокот на вода низ водомрот.

Ваги

Агрегатот се мери во корпа поставена под отвор за дозирање на агрегат. Корпата а поставена на вага со која се мерат количини на секоја од фракциите. Вагата е потпрена на четири места и во склоп со мерната глава (часовник) се обезбедува точност на мерењето во согласност со нормите за градежнички ваги. Оваа вага има последователно мерење на поставени вредности на количини на четири фракции од агрегатот, веќе поставени на т.н. вага часовник според дадена рецептура.

Точното мерење е неопходно заради точната рецептура и карактеристики на типот на произведен бетон. Отварањето и затворањето на вентилите под бункерите се прави со пнеуматски цилиндери или држачи.

Разделна Звезда

Сместувањето и дозирањето на агрегатот се врши преку т.н. разделна звезда. Агрегатот е сместен по големина на зрната помеѓу четири бетонски зидови звездесто распоредени при што вкупната количина на суровината (магацин) се наоѓа во подрачје на дофат на скреперската гранка.

Со помош на т.н. лажица се привлекува агрегатот кон отворот на звездата низ кој материјалот поминува преку отвори контролиранио од вентили во корпа. Активното магационирање по секоја фракција од агрегатот 200 м^3 (во зависност од гранулацијата), а тоа е оној волумен кој се наоѓа над отворот на звездата,

ограничен со преградни зидови со замислена линија во маса која се добива со природно рушење на фракцијата.

Компресор

Компресорот обезбедува функционирање на командите на пнеуматските вентили. За таа потреба снабден е со мал резервоар за притисок од 0.2 м^3 кој обезбедува континуираност без разлика на потрошувачката на воздухот.

Електрична инсталација

Електричната инсталација на машините е изведена со ПВЦ кабел. Димензионирањето и изборот се врши спрема прописи и норми како и искуствено така да одговараат на условите од електричната експлоатација и условите на околината. Кабел за електромоторите е од полн пресек, спрема горе споменатото. Кабел за исклучувачи, хидроразводници и ваги се со пресек од 1,5 мм, и тоа со финожичани проводници заради задоволување на барањата во поглед на еластичноста. Сите кабли при воведувањето се затнати со воведници кои се исполнети со посебен кит, со што се оневозможува навлегувањето на влагата. Довод на електрична енергија се врши со кабел со минимален пресек од 3x25x16 мм со тоа што се води сметка да напонот на клемите во електричниот орман да не биде со поголемо отстапување од ± 5% од одредената вредност.

Во склопот на електричната инсталација се наоѓа заземјување како систем на заштита од опасниот напон на допир. Водовите поврзани на заземјување се посебни со жолто-зелена боја. Преку истите се поврзани надворешните метални делови од моторот, исклучувачите и хидро разводникот. Посебна шина за заземјување во орманот носи ознака ⏚. Овој систем на заштита за да биде ефикасен треба отпорот на заземјување да биде под вредност од 0.325 Ω во најнеповолни услови, додека доземниот вод мора да биде изведен со лента FeZn (поцинкован лим) 4x30 мм до приклучок на машината.
Имајки во предвид дека постројката во својот состав има и силоси за цемент на највисоките делови е поставена громобранска инсталација.

Управување, Команден орман

Управувањето со целокупната постројка се врши од една платформа пред која преградно се распоредени еден покрај друг: водомер, главата од вагата за агрегат. и командна табла (команден орман).

На командниот орман изгравирана е технолошка шема со светлосен уред за секоја функција (работа на поедини апарати или инструменти). Прилог 2.7: Технолошка шема на бетонска постројка Прогрес АБ - 24.

Работата на постројката се одвива спрема однапред утврден технолошки процес за припремање на одредени видови на бетон. За да се одвива овој процес, треба поедини уреди според точно утврден редослед на операции, да си ги извршат своите функции. Тие се активираат со електромотори или хидраулика а ја добиваат потребната електрична команда од командниот орман.

Технолошкиот процес е условен од електрични команди кои се однапред програмирани. Покрај основната функција за работа потребно е да са следи процесот преку светлечки полиња на технолошката шема нацртана на вратата на орманот.

Вибро преса

По потреба бетонот са користи за изработка на бетонски елементи блокови и рабници. Изработката на овие бетонски елементи се врши со вибро пресата работи на хидроуличен погон.
Подвижната хидроулична вибро преса има два калапи еден за блокови и еден за бетонск рабници. Под дејство на хидоуличниот притисок и вибрациите кои дејствуваат на горниот и долниот дел на калапот.
Вибро пресата овозможува да ое постигне потрбната хомогеност и компактност без шупливи празнини кои би го нарушиле квалитето на готовиот производ. Управувањето се врши преку хидраулична командата.
Јачина на мотор на вибратор 0,75kw, Капацитет 200 броја на час.

Постапка за работа на постројката
Постапка за работа на постројката за производство на бетон

Дотурот на дробен агрегат се врши директно во разделната звезда спрема потребните фракции. Од разделна звезда се врши дотур на дробен агрегат со скрепер со скреперска корпа до отвори за дозирање. Агрегатот е поделен спрема барани фракции 0-4, 4-8, 8-16 и 16-32мм помеѓу четири бетонирани преградни зидови со замислена линија во маса која се добива со природно рушење на фракцијата. На долниот дел на отворите од разделната звазда сместани се пнеуматски вентили кои ја регулираат тежината (количината) на вага од секоја фракција која се испушта во количка според зададена рецептура. Вагата е повеќе степена и дава команда на пнеуматските вентили да затворат односно отворат

штом ќе се измерат зададените количини. Едно полнење на корпата со дробен агрегат е околу 0,15 м^3. Во истовреме се врши транспорт на цемент со полжест транспортер до вагата за цемент. После добиена команда од вагата за постигната тежина, се затвара вентилот за дотур а се отвара вентилот за испуштање на цементот во мешалката. На водомерот автоматски се отвара вентил за проток на вода, а посла достигната мерка за количина на вода са затвара вентилот. По завршувањето на мешањето бетонот директно се истура во миксер и се транспортира до потребната дестинација за вградување.
Циклусот се повторува со дотур на нова фракција за нова шаржа.

Постапка на рбота на вибро пресата

Изработката на бетонски елементи се одвива на посебно. бетонско плато на самата локација со површини од 50 м^3. Готовата бетонска смеса изработена по соодветна рецептура од миксерот са попни дирекно во корпата на утоварачот или во рачна количка и се носи до подвижна вибро преса смистена на битонското плато.
По полнењето на калапите вибро пресата врши хомогенизација и по завршување на постатката истите се оставаат на бетонското плато.

Бетонски рабници

Бетонски блокови

По 24-48 часа бетонските елементи са вадат од калапите се поставуваат на палети се магационираат на посебно одвоен простор на бетонското плато.

- **Погонот за производство на ивичњаци и блокови**

Опис на технолошкиот процес

Дополнителна активност која ќе се изведува на оваа локација во објектот претставува производството на бетонски производи ивичњаци и блокови за потребите во градежната индустрија како и за широка употреба.

Основните суровини кои ќе се користат при производниот процес во инсталацијата се фракции/гранулат од природен камен (мермеризиран варовник), цемент и вода.

Производниот процес ќе се одвива во следните фази:

- **Прием и складирање** на основната суровина, гранулат од мермеризиран варовник и цемент,
- **Одмерување, вагање** на суровините, во строго одреден тежински и гранулометриски соднос, во зависност од производниот програм;
- **Хомогенизација мешање** на гранулатот со одреден процент на цемент и вода до добивање на свежа бетонска маса;
- **Калупирање во** метални калапи со различен облик и геометрија, во зависност од асортиманот на производот;
- **Вибропресување** на калупираниот материјал (со одреден интензитет и времетраење) и добивање на финален производ;
- **Палетирање** и отстојување, со повремено прскање со вода во одреден временски интервал во зависност од амбиенталната температура;
- **Складирање** на готовиот производ на отворено складиште во кругот на инсталацијата.

За добивање на готовиот производ, објектот ќе користи влезна суровина која се набавува од домашниот пазар. Цемент, инсталацијата ќе го набавува од Цементара Титан-Скопје, додека гранулат од локални сепарации.

Технолошката линија за производство на бетонски елементи и друга бетонска галантерија за потребите на градежништвото е целосно автоматизирана со незначителна потреба од дополнителна работна сила. Селектираниот гранулат по фракции, од добавувачот со камионски превоз ќе се носи до инсталацијата и ќе се складира према гранулометрискиот состав на платото, во непосредна близина до дозирните бункерите за дневна употреба, а потоа ќе се складира во нив по потреба.

Процесот на припрема на мешавината е во строг сооднос на тежинскиот и грануломтрискиот состав на гранулатите, а се остварува со помош на електронски дозер ваги поставени на секој приемен бункер поединечно. Припремената мешавина со бесконечна транспортна лента се дистрибуира во хомогенизаторот со капацитет Q=0,2м^3 на понатамошен третман.

Цементот како основна суровина во технолошкиот процес во инсталацијата за производство на производи од бетон од добавувачот до инсталацијата ќе се транспортира со камионски цистерни и ќе се складира во еден метален силос со капацитет од 2x60=120 тони. Полнењето на бункерите од цистерната ќе се врши пнеуматски, при што протекувањето на цемент во амбиентот е оневозможено, додека транспортирањето на цементот во мешалката при процесот на хомогенизацијата и производството на цементна маса ќе се изведува со затворен полжаст транспортер со кој ќе се обезбедува висок степен на заштита од емисии во воздух.

За добивање на готовите производи, Инсталацијата користи влезна суровина гранулиран песок (варовник и мермеризиран варовник) и цемент, кои се набавуваат од домашен пазар, бидејќи Инсталацијата не располага со сопствен рудник. Технолошката линија за производство на блокови ивичњаци и др. бетонска галантерија за потребите на градежништвото е целосно автоматизирана со незначителна потреба од дополнителна работна сила. Гранулираниот песок од производителот со камионски превоз се носи до Инсталацијата, се складира и селектира според гранулометрискиот состав. Потоа гранулатот се складира во дозирен бункер за дневна употреба според гранулацијата и истиот во одреден тежински состав преку дозер ваги паѓа на бесконечна танспортна лента, а потоа со помош на полжавест транспортер се транспортира во хомогенизатор.

Во хомогенизаторот со капацитет од 3 - 5 m^3/h, во присуство на одредено количество цемент и вода, материјалот се меша во определени временски интервали, согласно производот кој што се произведува. Хомогенизираниот материјал се истура во дрвени и метални калапи и оди на пресување во хидраулична вибропреса. Испресуваниот готов производ се палетира и по кратко опстојување се транспортира во затворен простор одреден временски период на созревање.

После полнењето на хомогенизаторот, со гранулат и цемент во одреден сооднос и одредено количество вода, материјалот ќе се меша во определени временски интервали, согласно производот и се добива бетонска маса. Бетонската

маса се истура во метални калапи и оди на пресување во хидраулична вибро преса. Испресуваниот готов производ (бекатон плочки) ќе се палетира и готовиот палетиран производ, во одреден временски период ќе се прска со вода, за подобрување на механичките карактеристики на производот. Готовиот производ ќе се транспортира на отворено складиште во кругот на локацијата.

Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП** поднесува барање за Б – ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА до Локалната самоуправа – Општина Штип и според содржината на формуларот на барањето треба да достави Програма за подобрување на еколошките перформанси на инсталацијата и приближување кон перформансите на најдобрите достапни техники во врска со емисиите во воздух, вода и почва.

Програмата за подобрување е направена според барањата на Законот за животна средина и правилникот за постапката за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола.

XII.2 Вовед

Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, ги има редуцирано сите емисии во воздух, вода и почва и со тоа допринесува за зачувување и унапредување на животната средина..

Во развојниот план на фирмата се планира воведување на концепт за почисто производство каде што пристапот на решавањето на проблемите е поинаков и ќе се делува на изворот на загадување со примена на нови техники, минимизација и употреба на отпадот.

Енергетската ефикасност е решена со оглед дека машината е од поново производство и ги задоволува прописите за безбедност како на луѓето така и на животната средина. е од поново производство и е модернизирана и потрошувачка од страна на електромоторите која е и главна и најголема ставка во производните

трошоци е намалена. Со намалување на потрошувачката на електрична енергија ќе се даде придонес во глобалното намалување на загадување на воздухот преку заштеди при производство на електрична енергија од фосилни горива.

Сите активности по фази се така планирани да не предизвикаат зголемени влијанија врз животната средина, зголемени трошоци на суровини и енергија. Припремите и адаптациите ќе бидат така испланирани да не предизвикаат застој на производниот процес. Единствено ќе се запира кога тоа е неопходно и во исто време ќе се изведат некои поправки кои се предвидени со планот за редовно одржување.

Потребата за задоволување на законските обврски и проектната програма ги дефинира сите функции на објектот, а во голем дел од нив ја наметнаа функционалната шема, конструктивниот систем, токовите на комуникација околу објектот во динамичниот и стационарниот сообраќај, како бројот на учесници во производниот процес, се со цел за задоволувањена безбедносните и технолошко техничките потреби на објектот во неговата идна функционална искористеност.

Со градбата на објектот кој е фабрички произведен од челична конструкција се наметнаа условите за заштита на објектот, вработените и животната околина. За таа цел ќе се изработат и проекти за противпожарна заштита и заштита при работа.

За посебна заштита на животната средина со самата изградба на објектот превземени се следните мерки:

• Бетонирање на дел од локацијата на сепарацијата, каде е поставана сепарационата машина

• Се предвидува да се засадат дрвја околу оградата на објектот.

• Обезбедување на договори со овластени фирми за сервисирање на возилата и комуналниот отпад.

• Инсталирање на распрскувачи за вода на критичните точки заради превенција од прашина од отворен простор.

Во текот на работа како посебни мерки за подобрување на работата и заштитата на животната средина ќе се преземаат и следните активности:

• Бетонирање или поставување на соодветен материјал и елементи на сите патеки за манипулација на тешките возила, како не би се кревала прашина и би можело почесто да се врши миење и чистење на бетонското плато – рок на извршување: 2 години,

• Користење на еколошки нафтени деривати за возилата.

• Сервисирање на возилата надвор од кругот на сепарацијата во фирма специјализирана за таа дејност, договор ќе се достави по започнување со работа.

• Користење на вода во ситата за класирање на фракциите на сепариран песок, за намалување на прашината.

• Во иднина при работа на инсталацијата, посебно внимание ќе се обрни на придржување на пропишаните мерки за заштита од пожар и заштита на животната средина. Со сите тие мерки ќе биде запознаен и обучен раководителот на базата, кој ќе биде и задолжен за спроведување на истите.

Посебно внимание ќе има зачувувањето на чистотата и хигиената во кругот на базата. Навремено чистење на патеките, собирање на отпадоците во посебен контејнер и негово навремено празнење на депонија.

Раководителот ќе биде посебно задолжен за навремено чистење на отпадот од работата и престојот на вработените, како истиот не би се расфрлал по објектот.

На сите вработени ќе им биде нагласено да внимаваат на било каква хаварија на опремата и возилата, и истекување на масла или гориво од истите. При такви случаи, тие истечените отпадоци ќе ги собираат со крпа, а потоа истите ќе ги фрлат во посебен контејнер, да не се мешаат со другиот комунален отпад. После собирањето со крпа, ќе се врши и миење на местото. На тој начин ќе се врши обезбедување на животната средина од било какви штетни влијанија.

Може да се заклучи дека оваа Инсталација нема да има емисии на штетни материи, во цврста, течна или гасовита состојба, кои се над максимално

дозволените концентрации (МДК) ниту над максимално дозволените количества (МДКО) што смеат да се испуштаат, па затоа и специјални предлог-програми за подобрување и заштита на животната средина во моментот на започнување со работа не се изработуваат.

Додека потоа откако инсталацијата ќе започне со работа и ќе се извршат потребите предвидени мерења на испуштените материи во воздухот и водата, добиените резултати ќе ја покажат потребата од изработка на програми и проекти за подобрување и заштита на животната средина.

XII.3 Мониторинг на емисии на ПМ10 прашина

Заради исполнување на барањата за мониторинг на емисиите на прашина, од активностите предвиден е мониторинг на ПМ10 прашина, на местата определени во Предложениот мониторинг и местата за земање на примероци.

XII.4 Мониторинг и начин на известување;

1.Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП** ќе го контролира реализирањето на секоја мерка за унапредување на животната средина и преку лицето надлежно за животната средина ќе ја известува локалната самоуправа.

2. Известувањето ќе се врши со пишан извештај и телефонско јавување до надлежниот орган во локалната самоуправа.

3. Мониторингот на влијанијата за животната средина ќе се врши според програмата и планот за мониторинг и мерења на Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, Мерењата на мерливите параметри (емисија во воздух и сл.) ќе се врши на лице место и во акредитирана лабораторија, а немерливите ќе се контролираат визуелно или ќе се врши проценка според признати методи.

4. Документите со резултатите од извршените мерења ќе ги чува раководителот на производството. Истите ќе бидат достапни за инспекциските служби.

XII.5 Вредностите на емисиите за време на реализација на одделните фази на планот;

При замена на старата опрема со нова се планира постројката да не работи и не се очекува надминување на дозволените на вредности на емисии во воздух, зголемување на потрошувачката на суровини и енергија.

Заради следење на емисиите на прашина кои се класифицирани како фугитивни а со оглед на фактот дека во законската регулатива не се дадени гранични вредности за фугитивни емисии, операторот се обврзува дека ќе го следи квалитетот на амбиенталниот воздух (ПМ 10 и респирабилна прашина на годишно ниво) и ќе презема мерки за намалување на емисиите

Табела XII/1 Програма за подобрување

Р.бр.	**Опис на мерката**	**Цели на мерката (изразена преку намалување на влијанијата врз ж.с.)**	**Временски распоред за реализација на мерката**
1	Имајки ја во предвид законската обврска за следење на работата на постројките и нивното влијание врз животната средина потребно е да се врши континуиран мониторинг еднаш годишно бучава, вода-двапати годишно и воздух, од овластена лабараторија	Да се следи дали емисиите на бучава, прашина и отпадна вода се во границите на дозволеното	1 годишно-бучава 2 годишно –вода 1 годишно-воздух
2	Мониторинг на емисии во почва на Локација на оклу 5 метри од таложникот	Да се следи дали емисиите се во граница на дозволеното	Еднаш годипшно или по потреба, налог на надлежен орган
3	Поправка на сообраќајниците за манипулација на товарните возила со посипување и набивање со шљунак	Да се намали нивото на емисии на прашина во атмосферата од транспортните средства на инсталацијата	По потреба
4	Хортикултурно дооуредување на просторот	Озеленувањето на просторот ќе придинесе за намалување на емисиите во атмосферата	Во соодветен период од годината за посадување

Глава XIII

СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СИТУАЦИИ

XIII СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

Опиши ги постоечките или предложените мерки, вклучувајќи ги процедурите за итни случаи, со цел намалување на влијанието врз животната средина од емисиите настанати при несреќи или истекување.

Исто така наведете ги превземените мерки за одговор во итни случаи надвор од нормалното работно време, т.е. ноќно време, викенди и празници.

Опишете ги постапките во случај на услови различни од вообичаените вклучувајќи пуштање на опремата во работа, истекувања, дефекти или краткотрајни прекини.

XIII.1 Вовед

Пред се раководителот на инсталацијата ќе биде одговорен за правилното работење и функционирање на истата. Постојано ќе се врши надгледување на работата на опремата за да се забележат и најмали недостатоци кои би можеле да доведат до хаварија. Исто така ќе се врши и навремено сервисирање на опремата пропишано од производителот.

Во случај на хаварија или поголем дефект на инсталацијата, раководителот веднаш го запира понатамошното производство и наредува отстранување на предизвиканата штета.

Во случај на евентуални мали хаварии на возилата кои поминуваат низ базата, и истекување на масла или гориво од истите, исто така веднаш се реагира како истите отпадни деривати не би дошле во отпадната вода. Имено се врши собирање и бришење со крпи, а потоа крпите се стават во посебни затворени канти кои не смеат да се транспортираат и мешаат со другиот комунален отпад. Дури откако добро ќе се собере и исчисти истеченото гориво или масло, после тоа се врши миење на местото со вода.

Во објектот постојано ќе дежура чувар. Бидејќи базата ќе работи само дење и по потреба, не постојат шанси за хаварии ноќно време. Доколку сепак нешто се случи чуварот веднаш ќе го извести раководителот на објектот. Додека за сето време кога истата работи, на објектот ќе бидат присутни постојано раководителот, машинистот и другите вработени, така да навремено ќе се реагира при било каква хаварија. Постапката е иста како и при вообичаеното пуштање и запирање на опремата во работа, само што тогаш веднаш се врши моментално принудно исклучување од работа. Како превентивна мерка е опфатено поставувањето на лесно воочливи пригодни табли или други знаци за забрани и предупредувања, со натписи или цртежи кои информираат за опасностите и забранетите постапки.

XIII.2 Заклучок

Природата на процесите кои се одвиваат на оваа Инсталација е таква да нема опасност од големо влијание врз животната средина при евентуална хаварија или итен случај.

XIII.3 Упатство за подготвеност при вонредни состојби

Содржина

1. Намена и цел

2. Подрачје на примена

3. Поими и дефиниции

4. Опис на текот на активностите

5. Референтни документи

6. Записи

7. Прилози

Намената и целта на Упатството за подготвеност при вонредни состојби е одредување на можни вонредни состојби, планирање на активностите за одзив и спречување и ублажување на можните влијанија врз безбедноста и квалитетот на производот и врз животната средина.

Се применува во сите работни делови во Погонот на инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**.

Поими и дефиниции

Подговеност за реагирање/одзив при вонредни состојби - креирање на одговор, при ситуации за кои постои мала веројатност дека ќе се случат.

Хаварија - во однос на спречување и контрола на хаварии, е појава на голема емисија, пожар или експлозија настаната како резултат на неконтролирани настани во текот на работењето на било кој систем, со учество на една или повеќе опасни супстанции, а што доведува до сериозна опасност за животот и здравјето на човекот и за животната средина, веднаш или подоцна, во или надвор од системот што вклучува една или повеќе опасни супстанции.

Инцидент - непланирано случување кое може да доведе до помали незгоди.

Хаварија - непланирано случување кое може да биде причина за смрт, тешки повреди, професионални заболувања, оштетувања, штета или друг вид на загуба.

Опасност - извор или ситуација со можности на предизвикување на штета во областа на повреда на работно место, професионалнии заболувања, штета за имотот, штета на работната средина или комбинација на истите.

Идентификација на опасностите - постапка за утврдување на постоењето на опасност и одредување на нејзините својства

Опис на текот на активностите

Идентификација на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

Се идентификуваат потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и тоа:

- инциденти при вообичаените работни активности
- инциденти при одржување на опремата и објектите
- индустриски хаварии
- елементарни непогоди (поплава, земјотрес и сл.)

Изработка на список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

Запознавање на вработените со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и планот за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации

Надлежности

АКТИВНОСТ	**НАДЛЕЖНОСТ**
Идентификација на потенцијалните инциденти и вонредни ситуации	Тим
Изработка на список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации	Координатор за животна средина
Изработка на план за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации	Координатор за животна средина (Управител)
Одобрение на планот	Управител
Запознавање на вработените со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и планот за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации	Управител

Референтни документи

- Закон за животната средина и други сродни закони кои ја покриваат ова проблематика.

Записи

Во записи се внесени документите кои се објективен доказ за спроведена активност или постигнати резултати.

Реден број	**Име на записот**	**Место на чување**	**Време на чување**	**Одговорно лице**
1.	Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации	Архива	5 год	Координатор за животна средина
2.	План за реагирање при инциденти и вонредните ситуации	Архива	5 год	Координатор за животна средина

XIII.4 Прилози

- Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации
- План за реагирање при инциденти и вонредните ситуации

XIII.4.1 Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

Елементи на процесот	Опис	Што се работело
Инциденти		
Пожар	Пожар на објектите, инсталациите, возниот парк	-Неисправност на електричната инсталација. -Неисправност на трансформаторската станица - Неисправност на громобранската инсталација - Ел. инсталација на машините и возниот парк
Експлозија	Пожар и механичко уништување на објектите, инсталациите, возниот парк	- Користење пламен и алат што искри во магацинот за стопански експлозив - Не придржување кон постапките за складирање, ракување и транспорт на експлозивни средства - Заостанати неексплодирани мини во миниранатa површина - Неисправна вентилација и услови на чување на стопанскиот експлозив - Неисправен сигурносен вентил на компресорот за воздух
Вонредни ситуации		
Зедмјотрес		
Поплава		
Саботажа		

Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, Координатор за животна средина

XIII.4.2 План за реагирање при инцидентни случаеви

Вид на инцидент/вонредна ситуација	**Можни влијанија на ЖС**	**Мерки**
Пожар на објектите, инсталациите, возниот парк	Загадување на воздухот, почвата и водите	- Исклучување на доводот на електричната енергија - Итен повик на Службата за ПП заштита; итна помош; - Исклучување на инсталацијата за довод на електрична струја. - Изолирање и дислокација на запаливите материи складирани во магацинот за стопански експлозив и механичарската работилница (платнени врекѓи, боци, масла, амбалажа и сл.) - Обука за користење на ПП апаратите и хидранти. - Контрола на превентивното одржување од страна на овластен субјект. - Примена на Правилникот за заштита при работа и Нормативот за користење на лични заштитни средства. - Контрола на исправноста на хидрантите
Експлозија од технолошкиот процес	Опасност по животот на вработените и загадување на атмосферата	- Редовна контрола и придржување кон постапките за складирање, ракување и транспорт на експлозивни средства - Контрола на ПП апаратите и хидранти. - Контрола на превентивното одржување од страна на овластен субјект. - Итен повик на Службата за прва помош. - Исклучување на системот за довод на електрична енергија.

		- Едукација на вработените. - Примена на Правилникот за заштита при работа и Нормативот за користење на лични заштитни средства.
Земјотрес	Загадување на воздухот, почвата и водите	- Запирање на процесот на производство и довод на електрична енергија. - Итен повик на Службите за ПП-заштита и Прва помош. - Редовно превентивно одржување на опремата и инсталациите. - Санација на оштетувањата од било кој вид во соработка со соодветни стручни екипи. - Испитувања и соодвтни мерења пред пуштање во повторна работа на технолошката линија , анализа на почвата зафатена од елементарната непогода). - Контрола на ПП- апаратите на извршени редовни превентивни прегледи и обука за нивно користење. - Примена на Правилникот за заштита при работа и Нормативот за користење на лични заштитни средства.
Поплава	Загадување на водите и почвата	- Контрола на ситемот за одвод на атмосферска вода; - Контрола на шахтите и нивно превентивно одржување во исправна состојба. - Редовно пратење на хидрометеоролошката прогноза и дефинирање на начинот на прифаќање на атмосверските врнежи. - Постојан контакт во вакви состојби со ПП службата и ЈКП. - Активно учество при санацијата на последиците од поплавата во соработка

		со соодветни стручни институции. - Анализа на загадувањето на медиумите на животната средина. Во случај на неусогласености, се превземаат мерки за одстранување - Анализа на почвата на местата на деградација и превземање на соодветни корективни мерки од страна на соодветни стручни институции. -Примена на Правилникот за заштита при работа и Нормативот за користење на лични заштитни средства.

Одговорни лица	Име	Тел. службен	Тел. домашен
Раководител на производство			
Управител	Тони Лазаров	075289820	

Поважни телефони	**Број**
Противпожарна бригада	**193**
Полиција	**192**
Брза помош	**194**

Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, Координатор за животна средина

Глава XIV

РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА

XIV. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

Опишете ги постоечките или предложените мерки за намалување на влијанието врз животната средина по делумен или целосен престанок на активноста, вклучувајќи отстранување на сите штетни супстанции.

Објектот е постојан и е со цел во иднина да ја изведува својата функција за која е наменет. Но ако дојде до било какво запирање на активноста, делумен или целосен престанок, ќе се преземат сите неопходни мерки за отстранување на штетните материјали.

Ако се работи за делумен престанок на активностите, прво ќе се изврши комплетно чистење на објектот и околината. Комуналниот отпад ќе се однеси на депонија. Опремата ќе се конзервира според вообичаените постапки од производителот, и ќе се исклучи доводот на вода и електрична енергија.

Сите тешки возила ќе се отстранат од кругот на инсталацијата.

Пред почнување со работа, ќе се провери опремата и околината околу неа дали некаде има истечено масло при конзервирањето, и истото да се отстрани со бришење и чистење со крпи, како што е претходно објаснето и ќе се продолжи со вообичаените постапки без да има влијание врз животната средина.

При целосен престанок со работа, ќе се изврши комплетно чистење на објектот и теренот. Празнење на платото од готовиот производ и носење на друго соодветно место. Исто така ќе се изврши отстранување на комуналниот отпад и чистење на локацијата.

Локацијата ќе биде санирана и оставена во безбедна состојба.

Од битно значење е рекултивацијата да се врши со автохтони растенија.

Што се однесува до Сепарацијата која се наоѓа на локација наменета за експлоатација на минерални суровини секогаш ќе биде атрактивен за дополнување и проширување на линијата на производство.

Сепак, за екстремен случај на затварање на локацијата, предложени се мерки со цел да се минимизираат краткорочните и долгорочните ефекти на активноста врз животната средина по престанок на активноста на локацијата.

Предложените мерки за минимизирање на влијанието на животната средина во случај на целосен или делумен престанок со работата на дел на активноста на Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**.

Доколку се утврди контаминација на површината ќе се превземат соодветни мерки во согласност со Законот за заштита од јонизирачко зрачење, Законот за управување со отпад и Законот за заштита на животната средина.

Доколку опремата и машинеријата се сеуште функционални, ќе бидат преместени на соодветна локација за таа намена.

Доколку се надвор од функција, во зависност од материјалот од кој се изработени ќе бидат селектирани и продадени како секундарна суровина.

Карактеристиките на опремата се дадени во Прилог II барањето за интегрирана еколошка дозвола.

Глава XV

РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

На ова место треба да се вметне преглед на целокупното барање без техничките детали. Прегледот треба да ги идентификува сите позначајни влијанија врз животната средина поврзани со изведувањето на активноста/активностите , да ги опише постоечките или предложени мерки за намалување на влијанијата. Овој опис исто така треба да ги посочи и нормалните оперативни часови и денови во неделата на посочената активност.

XV.1 РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, е комплекс каде се врши производство на готова Бетонска маса и производството на блокови ивичњаци и др за изработка на бетонски елементи како столбови за огради, камени подови и друга бетонска галантерија со калапи. За процесот на производство потребна е одредено количество на песок соодредена фракција кои по третманот на сепарациите и достава на локацијата се чува во надворешната околина и е подложно на атмосферски влијанија но со оглед дека се работи за камена маса овие влијанија немаат големо значење нврз готовиот производ гранулатотпо третманот во сепарацијата е измиен и има мали концентрации на лес и прашина.

За спречување на подигнување на прашина, која ја создаваат моторните возила при истовар на материјалите и при движење низ кругот се предвидува уредување и тампонирање на патиштата за манипулација.

Извесно аеро загадување има од издувните гасови на возилата кои доаѓаат во текот на производството. Затоа ќе се користат еколошки деривати како што и налага новата законска регулатива и за тешките возила кои ќе доаѓаат и работат во инсталацијата.

Бидејќи во процесот на производство се јавува и неминовна бучава од опремата и возилата, за истата сметаме дека не ја надминува пропишаната дозволена граница, а за точни податоци ќе се достават односно ќе се извршат

контролни мерења и соодветно на тоа ќе се преземат и мерки за намалување на истата доколку постои зголемено ниво.

Појавата на тврд комунален отпад се регулира со депонирање на истиот во посебни контејнери за него и потоа негово транспортирање на градската депонија. Исто така количеството на тврдиот отпад не ја преминува границата која би предизвикала загадување на околината.

Во кругот на инсталацијата не се врши никакво сервисирање на тешките возила, ниту се чуваат резервни делови (акумулатори, масла и сл.) и гориво за истите. За сервисирање на истите ќе се склучи договор со овластена фирма, што ќе се достави во прилог на документацијата.

По извршеното бетонирање на патеките за манипулација, ќе се изврши заградување на просторот и ќе се посадат дрва околу оградата, кои би претставувале на некој начин и природен аерофилтер.

Инсталацијата ќе работи неконтинуирано, по потреба, а со оглед на поволните зимски климатски услови во кавадаречкиот регион со Благи зими и многу ниски температури инсталацијат во зима и воопшто нема да работи.

Објектите и опремата на оваа инсталација се од времен карактер и истите по престанокот на работа на инсталацијата се демонтираат и пренесуваат на друга локација. Отстранување на отпадот или било какви хемикалии на локацијата на инсталацијата ќе бидат отстранети или рециклирани преку соодветни овластени фирми, а локацијата ќе се санира и ќе биде оставена во безбедна состојба, а рекултивацијата ќе се изврши со автохтони растенија.

Заклучок:

Од Инсталацијата има емисии во површинските води по третманот на миење на песочната маса и исталожување на водата која се користи за миење на материјалот.

Од Инсталацијата нема загадување од отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени.

Инсталацијата е лоцирана надвор од населено подрачје, во индустриски регион каде има и други сепарации што веќе работат, така да бучавата и вибрациите од оваа инсталација немаат влијание надвор од нејзината локација.

Од Инсталација нема нејонизирачко зрачење.

Самата локација нема атмосферска канализација а атмосферските води по гравитациски пат се одведуваат во природна вододерина

Просторот е поделен на неколку целини:

- Бетонаска база за производство на Бетон

-Сепарација за сепарирање на фракици на песок

- комплетна линија за производство на блокови ивичњаци и др,

- склад за готови производи и полупроизводи

- помошни објекти и канцеларии

- пристапен пат

Управителот раководи со целокупните активности во компанијата (комерцијалниот сектор и производството) и воедно е координатор за животна средина и одговорен за прашањата на барањето за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето на Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**. Раководителот на производство е именуван за одговорен за интегрираното спречување и контрола на загадувањето под директна ингеренција на управителот. Управителот и Раководителот на производство претставуваат членови на тимот.

Целосната одговорност за работата и спроведување на мерките за намалување на емисиите е на управителот. Оваа одговорност е делегирана на персоналот одговорен за производство, одржување и развој.

Операторите се обучени за работа со опремата која им е доверена. Дадени им се инструкции за секоја забележана неправилност при вообичаени или

невообичаени услови на работа да го известат раководителот или директно луѓето од одржување.

Службата за одржување е директно одговорна за правилно спроведување на мерките за намалување на емисиите.

Сите вработени се запознаени со постапката за спречување или намалување на последиците од непредвидени ситуации (поплава, земјотрес, пожар, гром и сл.) и се обучени за тоа.

Менаџерот за животна средина (управителот) е одговорен за мониторинг на спроведување на мерките за намалување на емисиите за да се овозможи коректна и оптимална работа.

Во процесот на производство и преработка се користат неметални минерални суровини кои се добиваат преку ископување. Суровините кои се користат и можат да се преработат имаат тврдина 8 по Мосовата скала.

Суровините воглавно се поделени на две групи според својата природа и намена:

Карбонатни суровини:

- Песок
- Чакал
- Друг наносен материјал,
- Цемент
- Вода

Користењето на помошните материјали се однесува на:

- одржувањето на механизацијата и опремата,
- средства за одржување на хигиена како и

Појава на фугитивна емисија на прашина се јавува и на следните места:

- На отворен склад (-120 +0) мм;
- На пресипни места (додавачите и сипките) при процесот на производство;
- На отворен склад, при пад на материјалот од транспортна трака, за готов производ-фракцијата од (-4+0) мм;

- При транспорт на сепариран варовник по отворени транспортни траки.

За намалување на фугитивните емисии односно на позициите каде што се забележала зголемена количина на прашина превземени се посебни мерки и тоа:

Работите во Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, се изведуваат на отворен простор и во производна хала и многу брзо и краткотрајно доаѓа до распостирање на прашина и гасовитите продукти, , кои со природна вентилација се евакуираат. Прашината главно содржи калциум карбонат, $CaCo^3$ Оваа компонента при утовар и транспорт, може да делува само врз вработените во работната средина и за заштита од истата вработените применуваат заштитни респираторни средства. Патиштата кои се користат за транспорт се прскаат со вода.

Отворените транспортни траки на готови производи се покриваат со монтажно-демонтажни капаци или има поставено водено отпрашување (распрскување) на дробилката и на оние места од траките каде што дозволува технологијата на работа каде што не доаѓа до намалување на квалитетот на производите.

Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, ќе применува распрскувње на вода во околината на, отворените складишта, внатрешните сообраќајници како и редовно чистење на бункерите за дотур на суровина и стопанскиот двор од заостаната прашина.

Од локацијата на Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, нема испуштање на отпадна вода во површински води.

Со оглед на нивото на бучава на локацијата, предизвикано од, работењето на сепарацијаа, движење на транспортните уреди и транспортните возила и од сите други активности во погонот како утовар-истовар, укажува дека на границата на локацијата со другите објекти нивото на бучава не ги надминува дозволените граници.

Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**, поднесува барање за Б интегрирана еколошка дозвола до Локалната самоуправа – Штип и според содржината на формуларот на барањето треба да достави Програма за подобрување на еколошките перформанси на инсталацијата и приближување кон перформансите на најдобрите достапни техники во врска со емисиите во воздух, вода и почва.

Програмата за подобрување е направена според барањата на Законот за животна средина и правилникот за постапката за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола.

Вработените се запознати со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и со планот за реагирање при инцидентните ситуации.

Како превентивна мерка е опфатено поставувањето на лесно воочливи пригодни табли или други знаци за забрани и предупредувања, со натписи или цртежи кои информираат за опасностите и забранетите постапки.

Сепак, за екстремен случај на затварање на локацијата, предложени се мерки со цел да се минимизираат краткорочните и долгорочните ефекти на активноста врз животната средина по престанок на активноста на локацијата.

XVI. *ИЗЈАВА*

Со оваа изјава поднесувам барање за дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животна средина (Сл.весник бр. 53/05,81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 03/25) и регулативите направени за таа цел.

Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни.

Немам никаква забелешка на одредбите од Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или на негови делови за потребите на друго лице.

Потпишано од : Инсталацијата на **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ШТИП**.

Датум **:10.11.2025**

(во името на организацијата)

Име на потписникот : Тони Лазаров

Позиција во организацијата : Управител

Печат на компанијата

XVII. ПРИЛОЗИ

Во прилог на барањето за Б - Интегрирана еколошка дозвола, Ви ја доставуваме и следната техничка документација:

- Решение од централен регистар/Тековна состојба
- Имотен лист
- Прилог Слики (глава I)
- Договор за ЈП ИСАР (за снабдување со вода за пиење, одведување на урбани отпадни води и собирање, транспорт и депонирањена комунален отпад)
- Договор за сервисирање на возила
- Договор за откуп на секундарни суровини
- Листа на техничка опрема
- Информација за ангажирани лица на бетонска база
- Информација за работно време
- Број на вработени лица во БАУ ИНЖЕНЕРИГ ДООЕЛ Штип од Агенција за вработување
- Извештај од испитување на ниво на бучава
- Извештај од испитување на ПМ10
- Документ за набавка на песок
- Документ за набавка на течно гориво
- Документ за набавка на цемет
- Фактура ЈП ИСАР
- Фактура ЕВН
- Решение за Одобрен елаборат за ЖС за користење на подземна вода од Министерство за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина
- Решение за Одобрен елаборат за ЖС за База за бетон и пратечки објекти од Министерство за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина

- Решение од централен регистар/Тековна состојба

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150720250000453

Датум и време: 7.2.2025 г. 11:15

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5756464
Целосен назив:	Друштво за производство и трговија БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Штип Company for production and trade BAU INGENERING LTD Stip
Кратко име:	БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Штип
Седиште:	БРЕГАЛНИЧКА бр.5 ШТИП, ШТИП
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	12.3.2003 г.
Деловен статус:	Активен
*Вид на сопственост:	Приватна
ЕДБ:	4029003125575
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	183.200,00
Уплатен дел MKD:	183.200,00
Вкупно основна главнина MKD:	183.200,00

СОПСТВЕНИЦИ	
ЕМБГ/ЕМБС:	1902964490020
Име и презиме/Назив:	ТОНИ ЛАЗАРОВ
Адреса:	БРЕГАЛНИЧКА бр.5 ШТИП, ШТИП
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	0,00

-

Непаричен влог MKD:	183.200,00
Уплатен дел MKD:	183.200,00
Вкупен влог MKD:	183.200,00
Вид на одговорност:	Не одговара
E-mail:	bauinzinering@yahoo.com

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	41.20 - Изградба на станбени и нестанбени згради
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

ЕМБГ:	1902964490020
Име и презиме:	ТОНИ ЛАЗАРОВ
Адреса:	БРЕГАЛНИЧКА бр.5 ШТИП, ШТИП
Овластувања:	Управител , дипломиран градежен инженер
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител
E-mail:	bauinzinering@yahoo.com

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	bauinzinering@yahoo.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

-

Изготвил:
Светлана Торова

Овластено лице:
Виолета Илонова

-

-

Имотен лист



Одделение за катастар на недвижности Штип

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
105-12582/2023 од 26.10.2023 08:38:40

105-12582/2023

ИМОТЕН ЛИСТ број: 10447 ИЗВОД
Катастарска општина: ЧАРДАКЛИЈА

ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ид. бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишувањето	Датум и час на запишување
1	***	ДПТ БАУ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ	БРЕГАЛНИЧКА ББ, ШТИП	1/1		18 / 10	07.12.2010

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска		Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право презаменто при конверзија на податоците од старот еднсистем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишувањето	Датум и час на запишување
основен	дел		култура	класа						
213		СОЛЕНА ВОДА	гз гн3		8350	СОПСТВЕНОСТ			1121-2459/2014	09.07.2014 15:05:49

Г.Промени на други стварни права и други права чие запишување е утврдено со закон, прибележување на факти од влијание за недвижностите и предбележување

Г.9. Промени во прибележување

Г9 ж.Прибележување на факт дека на одредена КП бр. во тек е изведување на градба:

Име и презиме/назив на кого е издадено одобрението за градење	ЕМБГ / ЕМБС	Адреса / Седиште	Дел на правото на градење
ДПТ., БАУ ИНЖЕНЕРИНГ., ДООЕЛ	0000000000000	ШТИП, БРЕГАЛНИЧКА ББ	1/1

Број на катастарска парцела на која е во тек изведување на градба		Викано место/улица	Катастарска		Површина во м2	Број на листот за прибележување на градба	Број и датум на издавање на одобрението за градење	Број за заверен основен проект	Број на предмет по кој е извршено прибележувањето	Датум и час на запишување
основен	дел		Култура	Класа						
213	0	СОЛЕНА ВОДА	гз гн3		8350	50462	17/12-30 05.10.2012	тех.бр.1-03/2012	1121-2459/2014	09.07.2014 15:05:48

www.katastar.gov.mk

страна 1 од 2

Одделение за катастар на недвижности Штип

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-12588/2023 од 26.10.2023 08:38:40

1105-12588/2023

ИМОТЕН ЛИСТ број: 10447 ИЗВОД
Катастарска општина: ЧАРДАКЛИЈА

Легенда на внесени шифри и кратенки:	
Шифра	Опис
ГЗ	Вештачки неплодни земјишта
ГНЗ	Градежно неизградено земјиште

Тип	Опис
Извод	Дел од содржината на имотниот лист за избраните парцели или згради

Овластено лице:
Јулијана Стојанова
име и презиме, потпис

М.П.

www.katastar.gov.mk

страна 2 од 2

- Договор за ЈП ИСАР (за снабдување со вода за пиење, одведување на урбани отпадни води и собирање, транспорт и депонирањена комунален отпад)

Друштво за производство и трговија
Бау инженеринг дооел
Бр. 0307 - 22/1
02.03 2021
Штип

ЈП Исар Штип
Бр. 03-266/1
22.03.2021 год.

ДОГОВОР

за снабдување со вода за пиење,одведување на урбани отпадни води и собирање,транспорт и депонирање на комунален отпад со ГАРАНЦИЈА(солидарна)

Склучен помеѓу :

1. **ЈП "Исар" Штип**, со седиште на адреса Г.М.Апостолски бр.37 со ЕДБ 4029997112434, ЕМБС 5151929,: ж-ро с-ка 30080000013030 Комерцијална Банка АД Скопје, застапувано од директор **Живко Тасев** , во натамошниот текст како **Давател на комунални услуги** од една страна
2. Бауинженеринг дооел Штип со седиште на ул. Брегалничка 5 Штип , ЕМБС 5756464 ЕДБ 4029003125575 застапувано од управител Тоше Лозоров во натамошниот текст како **Корисник на комунални услуги** од друга страна и
3. _____ ЕМБГ _____ во натамошниот текст како **солидарен гарант - платец**

Член 1

Предмет на овој договор е вршење на комуналните услуги : снабдување со вода за пиење,одведување на урбани отпадни води и собирање,транспорт и депонирање на комунален отпад .

Член 2

Давателот на услугата се обврзува , да му обезбеди на корисникот на услугата трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна вода за пиење од водоснабдителниот систем со притисок на мрежата согласно техничките можности на комуналната услуга , одведување на отпадните води преку изградениот канализационен систем и собирање , транспорт и депонирање на комунален отпад создаден од корисникот на услуга согласно програмата за работа кај давателот усвоена од Советот на Општина Штип .

Член 3

Месечната цена за вршењето на комуналните услуги кои се предмет на овој договор се одобрени од Управен одбор на давателот на услугата со Одлука под бр. 02-34 од 04.01.2021 год., Одлука под бр. 02-35 од 04.01.2021 и Одлука под бр.0202-383 од 27.03.2007 год. одобрени од Совет на Општина Штип .

Доколку во иднина дојде до промена на висината на цените ,корисникот на услугата се согласува да му се фактурира по нова цена.

Договорните страни се согласни количината на потрошената вода да се мери во мерните

единици $м^3$, количината на отпадни води во мерна единица $м^3$ -врз основа на потрошена вода и собирањето,транспортот и депонирањето на комуналниот одпад во мерна единица $м^2$ работни и дворни површини од објектот на корисникот на услугите. Собирањето , транспотрирањето и депонирањето на комуналниот одпад ќе се врши согласно програмата за работа на јавното претпријатие одобрена од Советот на Општина Штип.

Член 4

Давателот на услугата ќе достави фактура за извршената услуга на корисникот на услугата по истекот на месецот за кој се однесува фактурата во која ќе биде и пресметан надоместок за одржување на јавно зеленило на подрачјето на Општина Штип и надоместок за јавна чистота на подрачјето на Општина Штип согласно Одлуките под бр.0701-3243/1 од 18.06.2010 год. и 0701-2808/1 од 14.11.20008 год. донесени од Советот на Општина Штип кои давачки преставуваат законска обврска на сите корисници на комуналните услуги на подрачјето на Општина Штип .
Корисникот на услугата ја плаќа фактурата во рокот утврден на самата фактура.
За секое задоцнето плаќање давателот на услугата ќе пресметува законска казнена камата согласно ЗОО.

Член 5

Со потпишување на овој договор гарантот –платец се обврзува солидарно да одговара со целокупниот свој имот заедно со корисникот на услугата за секоја месечна фактура изготвена врз основа на овој договор и истиот солидарнода ги подмири - плати фактурите. Гарантот –платец одговара спрема давателот на услугата солидарно со корисникот на услугата за сите обврски кои произлегуваат од овој договор од плаќање на заостанатите месечни фактури , каматата за задоцнето плаќање , такси и др.трошоци доколку дојде до евентуално поведување на постапка пред надлежен нотар или суд .
Намалувањето на обврската на корисникот на услугата во стечај или во постапка за присилно порамнување не повлекува со себе и соодветно намалување на обврската на гарантот .

Член 6

Корисникот на услугата е должен да овозможи на давателот на услугата ,пристап во имотот кој е во сопственост на корисникот заради редовно месечно читање на водомерниот инструмент (водомер)од страна на овластениот работник,одржување на водоводниот приклучок и контрола на исправноста на водоводната мрежа до првиот вентил пред водомернито инструмент –водомер.

Член 7

Давателот на услугата се обврзува да го чита водомерот месечно.

Доколку корисникот на услугата не е присутен во моментот на читањето на водомерот , должен е во рок од 3 (три) дена до овластениот работник од давателот на услугата да ја достави состојбата на водомерот и истата да биде запишана во контролниот картон од страна на овластениот работник.

Доколку корисникот на услугата по добивањето на месечната фактура не се согласува со евидентираната количина на потрошена вода наведена во фактурата , должен е до денот на доспеаност за плаќање , да се јави кај давателот на услугата истата да се исконтролира и доколку се утврди дека не е правилно утврдена фактичката состојба , истата од страна на давателот ќе биде искорегирана и ќе му биде издадена нова фактура.

Доколку корисникот на услугата во утврдениот рок од став 3 од овој член не стави забелешка на фактурираната количина на поторшена вода , се смета дека е согласен со фактурираната количина на потрошена вода.

Член 8

Корисникот на услугите е должен и се согласува на обврската да ја одржува внатрешната водоводна инсталација до првиот вентил пред водомерниот инструмент-водомер , водомерната шахта или местото каде е поставен водомерот , истиот да биде постојано во исправна состојба и истиот да го заштити од механички , атмосферски , климатски и др.оштетувања , како и индивидуалната канализациона инсталација до приклучокот на уличната канализациона мрежа.

Корисникот на услугата е должен и се согласува на обврската веднаш да го извести давателот на услугата за дефектот или предизвиканата штета од мерните инструменти

Доколку поради разни причини водомерот на може да се прочита и да се утврди реалната потрошена количина на вода , месечната пресметка и наплата до моментот на поставување на исправен водомер ќе се врши паушално врз основа на годишна просечна потрошувачка на вода пред констатирањето на неисправноста на водомерот.

Дефектите , поправките ,поставувањето или промената на водомерниот инструмент – водомер , внатрешната водоводна инсталација до првиот вентил пред водомерниот инструмент-водомер и индивидуалната канализациона инсталација до приклучокот на уличната канализациона мрежа е на товар на корисникот на услугите.

Член 9

Договорните страни се согласни и се обврзуваат корисникот на услугата да биде приклучен на водоснабдителната и канализационата мрежа исклучиво од страна на давателот на услугата,врз основа на претходно Барање и издадено техничко решение за приклучување во кое точно се наведени хидротехничките услови и локацијата за приклучување.

Доколку давателот на услугата врши замена на постоечките водомерни инструменти – водомер со нови , корисникот на услугата се согласува да биде направена промена и на

неговиот водомерен инструмент – водомер.

Член 10

Давателот на услугата има право да го прекине снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води , во случај кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја исполни обврската за плаќање на надоместокот односно има заостанато најмалку 3 (три) месечни фактури.
